

NEXUS civil concept

# ЕТНИЧКИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ во РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## МАПИРАЊЕ НА ГЛАВНИТЕ РАМКИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЕКСТРЕМИСТИЧКИТЕ СЦЕНИ

ЕУ со ТЕБЕ
Проектот е финансиран од Европската Унија.
Н.Е.Р.В.Т.

СЕПТЕМВРИ 2020

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ - НЕКСУС ГРАЃАНСКИ КОНЦЕПТ
Скопје, Северна Македонија

# ЕТНИЧКИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:
## Мапирање на главните рамки на дејствување на екстремистичките сцени

Автори:
Катерина Мојанчевска
Елена Јованчиќ
Афродита Муслиу

NEXUS civil concept

Септември, 2020

## Наслов:

ЕТНИЧКИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:
Мапирање на главните рамки на дејствување на екстремистичките сцени

## Издавач:

НЕКСУС Граѓански концепт

## Автори:

Катерина Мојанчевска
Елена Јованчиќ
Афродита Муслиу

## Графички дизајн и печатење:

Минт Криејтив Ејџенси Доо Скопје

## Тираж:

100 копии

---

Проектот е финансиран од Европската Унија.

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската унија. Мислењата и ставовите наведени оваа содржина е единствена одговорност на авторите и не ги одразува ставовите на Европската унија или на друга поддржувачка организација.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ....................................................5

КРАТКО РЕЗИМЕ ....................................................6

ПРЕГЛЕД НА ДЕФИНИЦИИ ....................................................8

ВОВЕД ....................................................10

МЕТОДОЛОШКА РАМКА ....................................................11

МАПИРАЊЕ НА ЕКСТРЕМИСТИЧКИТЕ СЦЕНИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....................................................14

Поглед кон историјата пред осамостојувањето на државата ....................................................14

Етно-национализмот и политичкиот екстремизам во контекст на насилен екстремизам: идентитетот како обединувачки термин за етникумот, религијата и идеологијата ....................................................15

ШТО ТЕОРИЈАТА И ПРЕТХОДНИ ИСТРАЖУВАЊА ЗБОРУВААТ ЗА ПОЛИТИЧКИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И ЕТНО-НАЦИОНАЛИЗМОТ? ....................................................18

НА ШТО УКАЖУВА ОВАА АНАЛИЗА? ....................................................23

ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ ....................................................38

БИБЛИОГРАФИЈА ....................................................40

Анекс 1 ....................................................43

ПРИБЕЛЕШКИ ....................................................44

# ПРЕДГОВОР

Оваа анализа е дел од истражување спроведено во рамките на оперативниот грант „Програма за градење на отпорност во заедниците од насилниот екстремизам и радикализацијата која води кон тероризам (НЕРВТ), на врската помеѓу безбедноста и развојот во Република Северна Македонија", спроведуван од НЕКСУС Граѓански концепт и финансиски поддржан од Европската Комисија.

Голема благодарност до истражувачкиот тим и сите вклучени актери кои придонесоа за спроведување на активностите од кои резултираше оваа анализа.

Исто така, благодарни сме на експертите од академскиот, граѓанскиот и јавниот сектор како и претставниците од верските заедници за времето, како и за нивната подготвеност и отвореност за соработка и исклучително вредните информации за конкретната тема од интерес на истражувањето.

Анализата треба да биде зачеток за пронаоѓање начини за превенција и справување со овие феномени, а истовремено нуди и фокусирани препораки за политика. Веруваме дека со оваа анализа ќе ја постигнеме зацртаната цел и ќе поттикнеме нови истражувања во оваа насока и за оваа проблематика, која е реална закана за безбедноста во нашето општество.

Афродита Муслиу
Програмски директор



# КРАТКО РЕЗИМЕ

Етно-национализмот, политичкиот и религиозниот екстремизам претставуваат едни од главните закани за јавната безбедност и голем предизвик во борбата против насилниот екстремизам и тероризмот, како за нашата земја, така и за Западно - Балканските држави. Но, вообичаено кога се зборува за екстремистичко дејствување, јавната дискусија се фокусира кон лицата кои заминале на странски боишта, повратниците и регрутираните, како директна закана кон јавната безбедност. Она што често помалку се анализира се различните помалку видливи, но потентни екстремистички сцени кои се поттикнати од етничката, религиозната и политичката разновидност и соодветно влијаат врз погледите кон еднаквост на граѓаните и градењето на потолерантно и инклузивно општество.

Затоа клучен интерес на оваа анализа се рамките во кои се конструирани пораките и дејствуваат екстремистичките сцени во Република Северна Македонија. Појдовна точка на ова истражување е теоријата на рамки (framing theory), каде рамките се врската помеѓу политичката артикулација што се одвива на макро ниво и сознанијата на микро ниво и ни помагаат да го разбереме процесот на дефинирање на екстремистичките агенди.

Податоците за ова истражување се добиени преку длабински интервјуа со претставници на јавни институции, општини, академијата, граѓанскиот сектор и религиозните заедници во Република Северна Македонија. Беа интервјуирани 11 мажи и четири жени, во периодот април – мај 2020 година.

Доминантниот став во Северна Македонија е дека постои политички и етно-националистички екстремизам, но дека крајно екстремните групи во земјава се маргинални, бидејќи се во рамки на одредени поголеми политички партии и немаат сила да го преземат управувањето на институциите. Идеолошки водениот екстремизам доминира пред исклучиво религиозниот екстремизам и истите во социјалните движења ги рефлектираат идентитетските прашања, различностите особено етничките, религиозните и јазичните и се рецидив на процесите на предизвикување на концептот нација-држава и распределбата на ресурсите и моќта помеѓу етничките групи.

Недостатокот на политичката стабилност, социјална кохезија и интегрирано општество, перципираното чувство за нееднакви права, сиромаштијата, високата поделба на елитите со народот (граѓаните), високиот степен на корупција без разлика на политичката припадност и идеологија, како и предолгото претприемачко искористување на ефектите од овие проблеми од страна на политичките елити се основните проблеми кои раѓаат екстремизам во нашето општество.

Експертите не гледаат јасна врска помеѓу насилниот екстремизам и етно-национализмот особено поради внатрешната политичка поделеност на најголемите етнички заедници, македонската и албанската. Поларизацијата на големите политички партии во рамките на своите етнички блокови, ја прави доминантна внатрешната раслоеност на етничките групи, а помалку „жива“ дискусијата за перципираните статусни разлики помеѓу етничките заедници.

Пораките на екстремистичките сцени вообичаено се популистички и/или апокалиптички и укажуваат на надмоќ, доминација над другите, а често се служат и со говор на омраза. Реториката

се засилува околу важни политички случувања. Иако можеби надлежните институции го препознаваат и се свесни за нивното инструментализирање, сепак не се преземаат активности за спречување на штетите од претприемачкото користење на овие сцени.

Придружни елементи на екстремистичките сцени во Северна Македонија се медиумите и дехуманизацијата на „Другите", како и религијата, нејзиното толкување и однесувањето на верските лидери. Медиумите се посочуваат како важни актери во одржување на перципираниот конфликт помеѓу групите и во легитимизацијата на одредени екстремистички наративи. Интернетот и социјалните медиуми дополнително овозможија создавање на таканаречени твитер револуции, лажни вести и алтернативни толкувања, насилнички групи, објави, говор на омраза, повици за линч и каде поради анонимноста и поради неограничениот простор на делување, повикуваат на насилство.

Тоа што во Северна Македонија овозможува различните сцени кои негуваат поларизирачки ставови да прераснат во групи на омраза, јавно жигосување на поединци и групи и примена на насилство е политиката на неказнивост на кокетирањето помеѓу политичкото и етничкото, и политичкото и религиозното.

Искоренувањето на етно-национализмот кај нас е скоро невозможно. Етничките, религиозните и јазичните маркери се доминантни во идентитетската политика. Тоа што веројатно треба да го научиме е како да менаџираме со оваа разновидност. Затоа и потенцијалот на екстремистичките сцени да бидат закана за јавната безбедност најмногу зависи од политичката и општествената клима што ќе се гради во периодот што доаѓа. Разновидноста на општеството не треба и не смее да се гледа како закана. Но, инструментализацијата на различноста во креирање на „непремостливи" разлики помеѓу групите, влијаат врз формирање на дискурс на исклучување и рамки во кои „Другите" се „културно далечни" и поради тоа во одлучување за колективното добро тешко можеме да дојдеме до заеднички став и/или консензус.

Високата функционална неписменост на граѓаните особено рефлектирана во медиумската неписменост да се препознаат лажни вести е закана за политичката и безбедносната атмосфера во општеството.

Затоа препораките за јавните институции и општините се во насока на нивно фокусирање кон превенција и локалниот контекст, мултисекторски пристап и вертикална и хоризонтална кохеренција со другите институции и граѓанскиот сектор, обесхрабрување на говорот на омраза и поврзување со медиумите и борбата против лажните вести, со цел плурализација на јавната сфера и интегрирање на сите прашања, а не само на етничките во комуникацијата со „Другите".

Препораките за граѓанските организации се во насока на проширување на опсегот на делување во темата на безбедност насилен екстремизам и тероризам, развивање на програми за превенција, рано откривање и предупредување и нивно имплементирање во соработка со локалните чинители, обединување во мрежи и платформи кои нема да бидат само коректори на говорот на омраза туку и на стигматизацијата и дискриминацијата на поранешни членови на екстремистички сцени, соработка со медиумите, како и развивање и заедничка имплементација на програми за ресоцијализација и рехабилитација на поранешни членови на екстремистички сцени преку соработка со јавни институции и академијата.

За ова да се случува, неопходно е зајакнување на актерите во имплементацијата на интегрираното образование, преку вклучување на теми за критичко размислување на општествената реалност и политичкиот и етно-националистичкиот екстремизам, владеење на правото и чувство на правда и еднаквост на сите граѓани, како и создавање на независни само-организирани сцени на граѓани кои во основа имаат цел критички да ја (ре)осмислуваат реалноста надвор од дихотомијата[1] на етничка, политичка и религиозна разновидност и се сцени на инклузија, солидарност и споделување на моќта на одлучување и одговорноста за јавното добро.

[1] Дихотомија е поделба на една целина во два дела, или половини кои не се преклопуваат. Во таквата поделба, нешто што е дел од едната половина не може во никој случај да биде дел од другата половина.

# ПРЕГЛЕД НА ДЕФИНИЦИИ

## ЕКСТРЕМИЗАМ

Екстремизмот се дефинира како мотивирано отстапување од општите норми на однесување и произлегува од промена на урамнотежено задоволување на основните човечки потреби кои се обезбедуваат со модерација до мотивациски дисбаланс во која одредена потреба доминира врз другите (Kruglanski et al., 2017. стр 217-230).

## ЕТНИЧКИ НАЦИОНАЛИЗАМ ИЛИ ЕТНО-НАЦИОНАЛИЗАМ

е термин кој опишува форма на националистичка идеологија според која нацијата се дефинира првенствено или исклучиво врз основа на етничката припадност. Главната тема на етничките националисти е дека „нациите се дефинираат со заедничко наследство, кое обично вклучува заеднички јазик, заедничка религија и заедничко етничко потекло“ (Muller & Jerry, 2008, стр 9-14).

## ПОЛИТИЧКИ ЕКСТРЕМИЗАМ

е однесување и мислење за општествените прашања што е на граница или спротивно на правните, општествените и културните норми на едно општество. Според Ђорић (2016), негова клучна карактеристика е употреба на насилство, или склоност кон насилство (што не мора секогаш да се реализира).

## НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

Насилниот екстремизам се однесува на верувањата и постапките на луѓето кои го користат идеолошки мотивираното насилство за да ги остварат радикалните идеолошки, религиозни или политички ставови (Влада на РСМ, 2018).

## БОРБА ПРОТИВ НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ

Проактивни мерки за сузбивање и борба против насилните екстремисти да радикализираат, регрутираат и мобилизираат следбеници кои би вршеле акти на насилство како и решавање на прашања преку насилен екстремизам и радикализација (ОБСЕ, 2018).

## РАДИКАЛИЗАЦИЈАТА

може да се објасни и како засилен екстремизам во верувањата, чувствата и однесувањата во насока што се повеќе го оправдува насилството меѓу групите и бара некаква жртва за да се одбрани нечија група (McCauley & Moskalenko, 2018. стр. 416). Клучен е процесот на прифаќање на насилство. Ако некој сака да го означи процесот преку кој индивидуата станува насилен екстремист, изразот радикализација што води до насилство, би бил посоодветен од насилниот екстремизам што се фокусира на идеолошкото мотивирано прибегнување кон насилство. Во контекст на нашето истражување, терминот радикализација ќе го користиме, за да се опише процесот во кој лицето усвојува екстремни погледи или однесувања за легитимирање на употреба на насилство.

## ФОРМИ НА НАСИЛНА РАДИКАЛИЗАЦИЈА

### Насилна радикализација на десницата:

Форма на радикализација поврзана со фашизам, расизам и ултранационализам. Насилна одбрана на расниот, етничкиот или националниот идентитет, поврзана со радикално непријателство против државните власти, не-мнозинските заедници, имигрантите и/или левичарските политички групи.

### Насилна религиозна радикализација:

Форма на радикализација во однос на политичкото толкување на религијата подразбира одбрана на верскиот идентитет - со насилни средства кога се смета за загрозен (меѓународен конфликт, надворешна политика). Овие насилни радикализации можат да ги имаат своите корени во сите религии.

### Насилна левичарска радикализација:

Оваа форма на радикализација главно се фокусира на барањата на анти-капитализмот и трансформацијата на политичкиот систем, со цел да се стави крај на социјалните нееднаквости преку употреба на насилни средства.

### Насилен радикализам мотивиран од специфичен проблем:

Анти-абортусни групи, анти-геј / анти-феминистички движења или ултра-индивидуалисти и независни екстремистички движења (Music, 2018).

## РАДИКАЛИЗАЦИЈА ШТО ВОДИ КОН ТЕРОРИЗАМ

Динамичен процес во кој поединецот постепено го прифаќа терористичкото насилство како можен, дури и легитимен начин на дејствување. Тој процес може постепено (иако не мора) да го наведе тоа лице да се залага за поддршка, да го поддржува или да учествува во тероризам (OSCE TNTD & ODIHR, 2014).

## ТЕРОРИЗАМ

Незаконско користење на насилство и заплашување, особено против цивили, во потрага по исполнување на политички цели (Национална стратегија на Република Северна Македонија за спречување на насилен екстремизам, 2018-2022).

Насилниот екстремизам и тероризмот во суштина се однесуваат на отфрлање на демократските вредности на толеранција, почитување, вклучување и разновидност.

# ВОВЕД

Етно-национализмот, политичкиот и религиозниот екстремизам претставуваат едни од главните закани за јавната безбедност и голем предизвик во борбата против насилниот екстремизам и тероризмот, како за нашата земја, така и за Западно-Балканските држави. Но, вообичаено кога се зборува за екстремистичко дејствување, јавната дискусија се фокусира кон лицата кои заминале на странски боишта, повратниците и регрутерите, кои се сметаат за директна закана кон јавната безбедност. Она што често помалку се анализира се различните помалку видливи, но потентни екстремистички сцени кои се поттикнати од етничката, религиозната и политичката разновидност и кои може да бидат на двете страни од спектарот – лево и десно и соодветно да влијаат врз погледите кон еднаквост на граѓаните и градењето на потолерантно и инклузивно општество. Социјалните медиуми и Интернетот ги променија начините како се формираат, регрутираат, мобилизираат и стануваат видливи екстремистичките сцени. Екстремизмот денес не е само прашање на јавна безбедност, туку е и социјален предизвик што повикува кон осмислување на превенција од факторите на ризик што овозможуваат лица/група/заедница да станат ранливи и подложни на индоктринација со екстремистички ставови. Тогаш, за какви екстремистички сцени во Република Северна Македонија можеме да зборуваме, кои се нивните главни рамки на дејствување и главни пораки кои мобилизираат?

Прашањето за радикализација и усвојување на екстремистички погледи е важно и за градење и одржување на демократски и отпорни општества. Одредени форми на екстремизам можеби не се директна закана за јавната безбедност и затоа не се на политичката агенда. Сепак, недоволните начини и мерки за спротивставување на обемот на дезинформации што ги откриваат поларизирачките наративи меѓу различни мобилизирани екстремистички сцени се гледаат како слабост во деконструирањето на пораките кои ги обликуваат овие сцени, повикуваат на насилство и се закана во градењето на толерантно и инклузивно општество.

Со оглед на ова, **фокус на ова истражување е**:

- Анализа на екстремистички сцени во Република Северна Македонија, со посебен акцент кон пораките на сцените кои укажуваат кон екстремни ставови за општествените движења и повикуваат кон насилство;

- Формулирање на препораки за адресирање на екстремизмот низ политиките во земјава, образование, безбедност, градење на отпорност на заедницата преку јасна анализа на пораките околу кои се концентрираат екстремистичките сцени.

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Оваа анализа дава одговор на неколку клучни прашања за екстремистичките сцени во Република Северна Македонија, и тоа:

- Кои главни рамки се особено примамливи за екстремистичките сцени, имаат потенцијал за мобилизација и привлекување на членови, гласачи и нови групи?
- Како се врамени и конструирани главните пораки односно која е реториката на ефекти од (не)дејствувањето на екстремистичките сцени?
- Како може да се деконструираат овие главни пораки и да се гради отпорноста на заедницата кон потентноста на екстремистичките сцени?

Појдовна точка на ова истражување беше теоријата на рамки (framing theory). Теоријата на рамки е често користен пристап во анализа на социјални движења и општествена мобилизација. Според укажувањата на Elgenius & Rydgrenb (2019, стр. 583-602), теоријата на рамки споредено со концептот на идеологијата може да биде попродуктивна во анализа на стратешките чекори на општествените актери особено во контекст на Северна Македонија каде нема јасна идеолошка граница на политичките актери. Идеологијата се смета за постабилен, кохерентен и сеопфатен систем на верувања и политички тврдења кои ги одредуваат позициите на политичките и општествените актери, за разлика од рамките кои се менливи, не секогаш стабилни и не секогаш кохерентно се користат од политичките и општествените актери. Политичката идеологија кај нас се покажува како недоволен механизам за политичко разграничување на левицата и десницата. Така, истата не секогаш можеби е директен индикатор за политичката позиционираност на индивидуалците, групите, партиите. Дури почесто, слоганите и симболите се подобар индикатор за позиционираноста на индивидуалците и групите во однос на етничкиот и политичкиот екстремизам. Рамките почесто од самата идеологија зборуваат за стратешките избори на општествените актери во однос на толкување на реалноста. „Рамките се врска помеѓу политичката артикулација што се одвива на макро ниво и сознанијата на микро ниво и ни помага да го разбереме процесот на менување на погледи кои се во корист на екстремистичките агенди. Ова пак, овозможува разбирање на развојот на подлабока идеолошка приврзаност кон екстремистички групи“ укажуваат Elgenius & Rydgrenb (2019, стр. 583-602). Според Snow & Benford (1992, стр. 133–155) врамувањето е активен, процесно-ориентиран феномен што вклучува актер и намера на ниво на конструирање на реалноста.[2] Поимовникот што го користи истражувањето е даден на почетокот на оваа анализа.

Податоците за ова истражување се добиени преку длабински интервјуа со претставници на јавни институции, општини, академијата, граѓанскиот сектор и религиозните заедници во Република Северна Македонија. Вкупно, 15 лица беа интервјуирани или пополнија писмен прашалник, одбрани поради нивната позиција во институциите/организациите односно долгогодишното искуство на работа на темите етно-национализам, екстремизам, социјални движења, безбедноста и други сродни теми. Беа интервјуирани 11 мажи и четири жени, во периодот април – мај 2020

[2] Основата на врамувањето е Ирвин Гофман (1974) според кого рамката е интерпретациска шема што ја поедноставува и соединува општествената реалност преку селективно нагласување и кодирање на настани, објекти, ситуации, искуства и секвенци на настани во рамките на сегашно или минато настани. Односно да „лоцираат, искусат, идентификуваат и насловат“ настани од општествениот живот.

година. Од нив, три лица се претставници на јавни институции, еден е претставник на општина, пет лица се претставници на академијата, четворица се од граѓанскиот сектор и двајца се претставници на верските заедници. При интервјуата беше користен полу-структуриран прашалник што опфаќаше четири сегменти на дискусија, и тоа: контекст на екстремистички сцени во земјава, етно-национализмот како закана, политичкиот екстремизам како закана, политики и решенија. Интервјуата беа снимени и транскрибирани. Листата на интервјуирани лица е позната на истражувачкиот тим и не е споделена во овој извештај поради сензитивноста на дискусијата и периодот на објавување (парламентарни избори во јули 2020 година). Во Анекс 1 се дадени демографските податоци на вклучените испитаници.

Анализата, теоретски, беше водена во насока да ги идентификува главните рамки на екстремистичките сцени во земјата. Истата, преку квалитативни податоци стекнати од длабински интервјуа со селектирани клучни чинители укажува кон колективните рамки што: (а) припишуваат вина за перцепираните социјални проблеми со идентификување на лица, социјални групи или структури за кои се верува дека предизвикале различни реални или перципирани социјални проблеми (дијагностичко врамување); (б) им нудат причини и оправдувања на јавноста и на одделни групи и индивидуалци за да ја поддржат политичката кауза (мотивациско врамување); и (в) предлагаат главна линија на дејствување (прогностичко врамување).

Истражувањето беше спроведено во текот на силните ограничувања за социјални контакти поради Ковид-19 пандемијата во земјата и истото влијаеше кон користење на различен начин на кој се добиени податоците за различните испитаници (одговарање – во пишана форма/онлајн интервјуа). Воедно, дел од испитаниците имаа воспоставено претходен контакт со истражувачките, а дел не. Така условите за сите испитаници не беа исти. Поради специфичното влијание на ограничувањата кон теле-работење, истражувањето имаше и мал примерок, што оневозможува споредбени анализи според демографските податоци на испитаниците, туку само можност за издвојување на тенденции. Затоа можноста за генерализацијата е ограничена. Примерокот во истражувањето иако е хетероген (целно составен од испитаници кои претставуваат различни сектори во општеството), сепак е пригоден и испитаниците се избрани според стручноста за темата и нема тенденција да биде репрезентативен. Поради тоа не може да се тврди дека системски не се разликува од останатиот дел на популација. Сепак, намерата на оваа анализа не е да даде главни ставови и тенденции за темата на екстремизам туку во длабочина да се увидат актерите, факторите и рамките на дејствување и мобилизација на екстремистичките сцени. Стекнувањето на податоци во квалитативно истражување се води од принципот на сатурација на податоци односно повторување на податоците со секој нареден испитаник. Тоа овозможува да се дефинира примерокот како доволен. Дополнително, вклучувањето на претставници од различни сектори ни дава можност да изведуваме заклучоци преку различните перспективи на испитаниците.

Оваа анализа внимава кон тоа една група или заедница да не биде идентификувана како „заедница на ризик“ заснована врз заеднички идентитет со насилни екстремистички групи. Во вакви случаи, се создава јасен конфликт помеѓу почитување на демократските принципи на плурализам, почитувањето на владеењето на правото и човековите права и политиките на државите за тоа како да се постигнат целите на националната безбедност. Одговорите кон екстремистичките сцени засновани на претпоставки за идентитетската обоеност, како етничката припадност и религијата, се погрешни, дискриминаторски и на крај контра-продуктивни за целите на градење на отпорност на заедницата.



# МАПИРАЊЕ НА ЕКСТРЕМИСТИЧКИТЕ СЦЕНИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Поглед кон историјата пред осамостојувањето на државата

Република Северна Македонија е дел од сцената на екстремистички идеологии кои без разлика дали се темелат на верска, етничка или политичка, во својата основа имаат два предизвика. Од една страна, промовираат надмоќ на одредена група врз други со честа примена на насилен начин на практикување и ширење на идејата и мобилизација, а од друга страна, овие екстремистички идеологии се спротивставуваат кон градење на потолерантно и инклузивно општество, односно кон соживотот на групите во културно и етнички разновидно општество.

Екстремизмот, во своите различни форми, вклучувајќи и насилство е производ на историски, политички, економски и социјални околности. Неизбежно е и влијанието на регионалните односи и глобалната политика на моќ. Растечката социјална нееднаквост, високата невработеност или сиромаштијата, особено на даден сегмент во граѓанството, понатаму, перцепција за неправда, кршење на човековите права, исклученост од социјалниот и политичкиот живот што може да се движи според етничка и верска припадност, како и широко распространета корупција се сметаат за важни поттикнувачи на екстремизмот особено во неговата насилна форма. Неуспешните политички транзиции, слабите институции, не спроведување на законите и немање на владеење на правото, како и контрола над јавните институции се плодна почва за насилен екстремизам. Слабите држави на тој начин создаваат можности за физичка локација на екстремистичките групи.

Република Северна Македонија не е исклучок од овие развојни движења. Земјата од осамостојувањето до денес, континуирано се бори со креирање на соодветен одговор на барањата на етничките групи за учество во општествениот живот, вклучувајќи и учество во донесувањето на политички одлуки и важни сегменти на заедницата кои континуирано се спротивставуваат кон принципите на споделена моќ и отфрлање на мултикултурната реалност во општеството. Динамиката на етнички односи е искористена од политичките елити за позиционирање во однос на главното прашање: нација-држава и практикување на мултикултурализмот. Така, етничкиот и политичкиот екстремизам кај нас се во меѓусебна зависност. Зајакнување на екстремните позиции на етничките заедници во однос на споделување на државата, ресурсите и можностите директно се преточуваат во политички екстремизам за доминација на една група врз друга и за дискурс на компетитивност и нелегитимност на барања обликувани како: „ние“ наспроти „тие“, со тенденција одредени политички причини да станат етнички нетрпеливи. Од таа причина, етничкиот и политичкиот екстремизам треба да се гледаат во својата поврзаност и дијалектика.

Зошто е важно да се адресираат етничкиот и политичкиот екстремизам, а не само насилниот екстремизам и тероризам во насока на развојот на екстремистички сцени? Најмногу затоа што пораките на екстремистичките сцени и движења се врамени и конструирани со потенцирање на етничката и културната хомогеност, политичката надмоќ на една група врз друга/и историјата која е врзана со етничката и културната историја на доминантната група, како и меѓусебниот конфликт на двете најголеми етнички групи (македонската и албанската). Ова се главните карактеристики на етничкиот и политичкиот екстремизам, и особено во контекст на Северна Македонија каде што нема јасни граници на десниот и левиот екстремизам. Политичкиот и етничкиот екстремизам меѓусебно се поттикнуваат и зајакнуваат. Етничката разновидност е често користена во политичката реторика на ненадминливи разлики кои ги практикуваат десничарските политички сцени, а дополнително политичката поларизација не допринесува кон вразумување од заземање на екстремни општествени позиции.

# Етно-национализмот и политичкиот екстремизам во контекст на насилен екстремизам: идентитетот како обединувачки термин за етникумот, религијата и идеологијата

Северна Македонија е една од наследничките на поранешна Југославија. Во 1991 година, земјата прогласи независност и иницираше процес на градење нација-држава со мнозински политички систем во либерална демократска рамка (Малеска, 2013. стр. 1-27). Паралелно со градењето на нација-држава, транзицијата во земјата беше проследена со политички, економски и социјални трансформации. Воведен е повеќепартиски политички систем и либерални пазарни вредности, како и социјална трансформација на организацијата на државата и системот на вредности (Колозова, Панов и Милчевски, 2010. стр. 1-27). На социјално ниво, овие трансформации не резултираа само во промена на доминантната идеолошка парадигма, туку и во процес на ново идентификување на државата и нацијата, надвор од социјалистичкиот, братски концепт. Правно и практично, од 1991 година, скоро никој не оспорува дека Македонците кои сочинуваат 64,2 проценти од населението, како мнозинска група е единствената легитимна политичка заедница. Албанците, Турците, Ромите, Власите, Србите и Бошњаците уживаа еднакви права и обврски како и мнозинската група, но сепак, во пракса, нивните искуства укажуваа кон тешкотии во еднаков пристап до политичкиот живот, пазарот на трудот, образованието, социјалниот и културниот живот (Пајазити, 2005; Малеска, 2013. стр. 1-27). Расцепот на вредности, збунетиот идентитет и стравот од иднината предизвикаа колективна параноја што беше цел на популистички манипулации и националистички комунитаризам (Фрчковски, 2000). Пирсон (2001) укажува дека промените на односите меѓу етничките групи можат да го променат начинот на кој националистичките дискурси се однесуваат кон барањата на помалите етнички заедници за јавно претставување на етнокултурните симболи.

Процесот на промена на односите на моќ помеѓу етничките заедници се покажа како болен процес во Северна Македонија. Балансирањето и акомодацијата се конститутивно вградени во новиот политички договор меѓу етничките групи во земјата и е одраз на идеолошката и политичката ориентација на етничките елити и владината политика кон меѓуетничките односи. „Тие (политичките елити) имаат најголемо влијание во борбите меѓу доминантните и подредените групи за обликување и преобликување на настани и идентитети“ (Пирсон, 2001). Во своите внатрешни работи, земјата се бореше со континуирани недоразбирања меѓу двете доминантни етнички групи, Македонците и Албанците, и на крајот истите се кристализираа во одделни етно-национализми. Првиот, оној на Македонците ја дефинираше земјата како сопственост на Македонците врз основа на принципот „jus soli", начелото на крв и сродство. Вториот, оној на Албанците, повика на ревизија на моноетничката државна сопственост со цел да се вклучат Албанците кои се сметаат себеси за под-нација. Јасна социјална поларизација и етнизирана јавна сфера се резултатите од ваквите дивергентни процеси кои ја туркаат земјата да функционира повеќе како бинационална отколку како мултикултурна држава. Оние етнички заедници кои не беа ниту Македонци ниту Албанци беа приморани да заземат страна за да постигнат политички цели на застапеност (Трајковски, 2005. стр. 5-13).

Во 2001 година, овие конкурентни националистички визии ескалираа во неколкумесечен насилен судир меѓу Албанците и македонската армија и полицијата, со релативно низок процент на жртви кај обете страни. Насилството заврши со потпишување на Охридскиот Рамковен договор (ОРД) со кој се менува Уставот во насока на афирмирање на унапредени права и статус на етничките заедници кои живеат во земјата (ОРД како документ го користи терминот етнички заедници наместо етнички групи) и прифаќање на мултикултурни

вредности на општеството со цел да ја трансформира државата од нација-држава што е во сопственост на македонското мнозинство кон држава која им дава скоро еднаков простор на другите етнички групи, односно да се инсталира како мултиетничко општество (Биебер, 2008, стр. 11-13). Договорот успеа да го врати мирот и довербата на ниво на обезбедување јавна поддршка за практикување на политики на мултикултурализам. Додека истиот го зачува унитарниот карактер на земјата, фокусот на етнокултурните експресии беше силно врзан со процесот на формирање и репрезентација на идентитетите и резултираше во „политизација на етничката припадност“ (Glazer, 1983). Со текот на времето, јакнењето на етничкиот идентитет во јавната сфера ја зголеми недовербата и антагонизмот помеѓу етничките заедници.

Етничкиот национализам се случува во контекст на сериозни економски предизвици за земјата и над една четвртина од населението живее под линијата на сиромаштија. Со децении земјата се соочува со постојано високо ниво на невработеност. Според Државниот завод за статистика (2020), рекордно високо ниво на невработеност е регистрирано во 2005 година, 37,3% со тенденција да се намалува во последните години, односно 20,7% во 2018 година и 17,3% во 2019 година. Недостасуваат податоци кои укажуваат на стапката на невработеност кај различните етнички групи, но податоците од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (2020) укажуваат дека во општите Тетово и Куманово има најмногу регистрирани активни баратели на работа (13.192 лица во Тетово и 12.372 лица во Куманово), места каде и најмногу живее албанската етничка заедница.

Низ годините, ефектот на етно-национализмот резултираше во тоа етничките групи да водат паралелни животи во сценариото „заедно, но одделени“ односно, сегрегација во сите сфери на општественото живеење, училиштата, маалата, местата на социјализација.

## Што ги обединува екстремистичките сцени?

### Обединувачки термин за мобилизација и екстремистички сцени е пропаганда широко достапна на социјални медиуми и злосторства од омраза

Северна Македонија не се соочила со јавна манифестација на крајно десничарски екстремизам. Заканата може да биде повидлива во ситуации кога има пораст на десничарски сцени кои имаат членови кои биле активни во закани и насилство кон новинари, политичари и други политички неистомисленици. Крајно десничарскиот екстремизам во Европа се „храни“ преку зголемување на бројот на имигранти, баратели на азил и бегалци кои се гледаат како закана за локалниот етнос.

Со неколку исклучоци, како протестите против НАТО на левичарските движења, Северна Македонија нема сведочено на видливо демонстрирање на крајно левичарски екстремизам. Левото крило на екстремизмот вообичаено помалку се поврзува со насилство или согледува како закана кон општествениот поредок, за разлика од крајно десничарскиот екстремизам поради што на ниво на политики се одделуваат помалку ресурси за следење и превенција од левичарски екстремизам. Очекување е дека зголемување на крајно десничарскиот екстремизам ќе мобилизира и зголемување на крајно левичарскиот екстремизам. Ваквото групирање може да преставува закана за безбедноста, но и за заедниците кои треба да градат отпорност кон екстремни општествени позиции, особено оние кои повикуваат на насилство.

Сепак, Северна Македонија се соочува со јавна манифестација на политички екстремизам и етно-национализам, и со нивните помалку или повеќе насилни форми. Настаните од последните пет години како Шарената револуција, бојкотот на Референдумот за промена на уставното име, протестите за „Заедничка Македонија“ се само некои од примерите. Овие сцени ги обединува:

- Недостаток на толеранција за наративи кои го оспоруваат нивниот систем на верување, поврзано и со насилно непочитување на граѓанскиот дискурс, култура, научна или рационална мисла, човекови права, владеење на правото и за традиционалното и модерното олицетворение на законот и авторитетот;

- Користење на симболи, религиозни, етнички или политички;

- Изедначување на нацијата со државата – отфрлање на постојните граници или возвишување на нацијата-држава поврзана со реторика за превласт на една група над „Другите“;

- Поставување на индивидуални или групни цели во нихилистички, милениумски или апокалиптички термини, отколку како остварливи политички цели;

- Банализација на насилството и влијанието на глобалната култура (модерни наспроти традиционални културни вредности);

- Родова дискриминација и стереотипизирање на родовите улоги, особено преку изедначување на жената со идејата за татковината.

# ШТО ТЕОРИЈАТА И ПРЕТХОДНИ ИСТРАЖУВАЊА ЗБОРУВААТ ЗА ПОЛИТИЧКИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И ЕТНО-НАЦИОНАЛИЗМОТ?

**(„Профили“ на луѓе, динамичен процес на радикализација, насилни акции во екстремистичките сцени)**

Разумна почетна точка, барем за западните демократски земји во дефинирање на екстремизмот е дека истиот: „[Екстремизмот] се однесува на политички идеологии што се спротиставуваат на основните вредности и принципи на демократијата и универзалните човекови права што може да се примени за секоја идеологија што се залага за расна, етничка или верска надмоќ како и за методите преку кои актерите на општествената и политичка сцена се обидуваат да ги реализираат своите цели, а тоа најчесто се случува преку непочитување на животот, слободата и човековите права на другите“ (Neuman, 2010. стр. 7-36).

Во современите западни, демократски контексти, под екстремизам најчесто се подразбираат четири категории: десничарски, левичарски, религиозен и таканаречен „екстремизам на еден проблем“, како што се правата на животните и животната средина. Радикалниот десен екстремизам, како и левичарските, комунистички управувања и религиозниот екстремизам се одговорни за различни и бројни повреди на слободата и правата на луѓето. Иако постојат значајни разлики во овие идеологии, политичките психолози укажуваат дека екстремно левичарски и десничарски идеологии споделуваат слични поттикнувачки психолошки механизми, како недоверба и критички однос кон политичкиот систем и неговиот очекуван перформанс (Krouwel et al., 2017. стр. 435-462). Денес, успехот на екстремистичките движења и поддршката за политички партии од екстремната левица и десница, се објаснуваат како глас на протест против елитистичките, етаблирани партии и владините функционери како олицетворение на корупцијата и неправдата. Политичкиот цинизам и недоверба во институциите, кои обично се зголемуваат во време на економска криза, како и зголемената важност на алтернативни (дури и конфликтни) димензии на поделба (особено со политизацијата на мултикултурализмот, феминизмот, животната средина, миграцијата), создаваат политички можности и добар перформанс на екстремистичките движења и партии (Krouwel et al., 2017. стр. 435-462).

Сепак, главно десничарските движења се оние кои капитализираат на недовербата во институциите особено на политичките актери кои не успеаја да ги решат најголемите проблеми на пост-индустрискиот (кај нас, пост-транзицискиот) живот, алиенацијата на граѓаните од политичките процеси, политизацијата на прашања како етничка разновидност, односи „мнозинство-малцинство“ и перципиран напад на идентитетот. Сè ова придонесува кон разбирањето кај индивидуалците дека старите рамки не се ефективни во разбирање на новите односи на моќ и контекст на живеење поради што е потребно прифаќање на ново, алтернативно толкување (Rydgreen, 2005. стр. 413-437). Ова ново толкување, како што е често врамено од страна на десничарските екстремистички движења денес помалку се базира на традиционалните социо-економски рамки и повеќе на етничките, идентитетски рамки (Rydgreen, 2005. стр. 413-437). Победата на социо-културните (идентитетски) прашања над социо-економските поделби значи и проширување на можностите за креирање на алтернативни рамки на толкувања на десничарските движења. Во 2018 и 2019 година, тероризмот, десничарскиот и етно-национализмот и сепаратистичките терористички напади се нотирани како најголемите закани по безбедноста во Европската Унија, со тенденција на зголемен активизам на левите

анархистички сцени во неколку земји (EUPOL, European Union Terrorism Situation and Trend Report 2020; European Union Terrorism Situation and Trend Report 2019). Во својата основа, овие и други екстремистички сцени кои вообичаено се хиерархиски, но често и легитимизираат насилство и се милитантни, се гледаат како закани за демократските општества. Не само поради спротивставувањето кон етнички и религиозни разлики во општеството, туку и кон политиките за мултикултурализам, граѓанство и социјална инклузија кои поддржуваат разновидност, по различни основи (етничка, културна, религиозна припадност, сексуална ориентација, и итн.).

Етничката припадност и политичката идеологија често се користат како детерминанти на крајно-десниот и религиозниот екстремизам. Искуствата од земјите во Европа и САД фокусирани кон крајно-десниот и религиозниот екстремизам укажуваат кон корелација на растечкиот популизам и етно-национализмот. Сепак, денес не можеме да зборуваме за еден стабилен профил на лица кои се подложни на вклучување и мобилизирање во екстремистички сцени. Затоа екстремизмот не треба да се разбере како состојба туку како динамичен процес (Bjørgo, 2011. стр. 277–285). Дускусијата за екстремизмот во основа треба да се води во однос на поширокиот економски, политички и културен контекст на нашето општество, но и во релација на конфликтот на идентитетите поради симултаната интеракција на локалното и глобалното (Abbas, 2017. стр. 54-61). Какви развојни патишта се случуваат во ваквите процеси на адаптација и медијација (особено на идентитетско ниво) е важно прашање и за науката, но и политиките за справување со екстремизам, радикализација и градење на отпорност на заедницата.

Вообичаена карактеристика на политичкиот екстремизам е дефинирањето на симплифицирано гледање на комплексната социјална реалност, со цврста самоувереност, со пристрасна информираност од извори кои ја потврдуваат нивната рамка и одбивање или игнорирање на оние кои нудат понијансирано гледање на стварноста. Исто, ригидната затвореност и идеолошки воденото верување дека општествените проблеми имаат едноставни решенија што овие сцени ги нудат, дополнително нуди односно се ефектуира во полесно справување со чувствата на неизвесност и страв, како и конструирање на поразбирливо и предвидливо разбирање на светот (Fernbach et al. 2013. стр. 939-946). Заземањето на екстремни политички позиции се поврзува и со недоволното разбирање и неоправдана доверба на познавањето на механизмот на кој политиките го дефинираат и управуваат нашето живеење. Генерирањето на симплифицирани, едноставни разбирања за политиките ја истакнува илузијата на разбирање и води кон прифаќање на поумерени политички позиции, принудувајќи ги лицата да се соочат со својата игнорантност (Fernbach et al. 2013. стр. 939-946).

Тогаш кои се лицата кои се поподложни на прифаќање на екстремистички рамки и во какви ситуации? Вообичаениот пристап во теоријата е издвојување на фактори на ризик (Bouhana et al. 2011). Овој пристап прави разлика помеѓу директни причини кои влијаат врз тоа лицата да заземат екстремистички ставови и да се вклучат во екстремистички сцени, како и индиректни причини кои влијаат врз тоа да се појават директните причини за вклучување во екстремистички сцени и прифаќање на екстремистичка идеологија. Литературата генерално издвојува три групи на ризик фактори: (1) фактори што потекнуваат од поширока средина; (2) индивидуални фактори на притисок/склоност (pull), и (3) фактори на изложеност во локалниот контекст (push). Поширока средина, прво, опфаќа контекстуални фактори како што се глобални структурни, политички, социјални и економски процеси, пошироко од опсегот на поединци или дури и на одделни држави, како сегрегација и пренаселување кои пренесени во локалната динамика можат да се ефектуираат во невработеност и структурна дискриминација, и во крајна линија да резултираат во чувство на недоверба, незадоволство и (перцепирана) маргинализација (Coolsaet, 2015).

Поединците се разликуваат во начинот на кој ги перцепираат и дефинираат овие пошироки околности кои влијаат врз нивните ставови и постапки, како и во однос на социјално-психолошките механизми кои се јавуваат како одговор на овие околности, како што се перципирана неправда, перципирана групна закана и перципирана несигурност и ја поврзуваат индивидуата со поширок контекст и одредуваат како поединците ги толкуваат одредени општествени и лични околности (Doosje et al., 2012. стр. 253-268). Потоа, социјално психолошките механизми ја одредуваат позицијата на поединецот и во однос на другите во истата група (Bjørgo, 2011. стр. 277–285), но и односот помеѓу групите, каде перцепцијата за

ускратување од одредени можности на групата поради друга група се појавува како фактор на радикализација односно прифаќање на алтернативни толкувања (Moghaddam, 2015. стр. 161-169).

Некои издвоени индивидуални фактори на притисок, како одредени црти на личноста што ги прави некои поединци повеќе склони кон одредени искуства се: импулсивност, фрустрација, омраза, лутина и страв што може да влијаат врз однесувањето и подготвеноста на личноста за прифаќање на наративите на екстремистичките групи и вклучување во екстремистички акции (Bjørgo, 2011. стр. 277–285; Dossje, 2012, стр. 253-268). Воедно, некои психолошки нарушувања (како што е депресијата) можат да се развијат во врска со, или како резултат на процесот на радикализација (на пр. поради изолација од примарни врски). Но, воглавно истражувањата што се фокусираат на индивидуалните фактори, генерално ги разгледуваат тие нарушувања кои и претходат на радикализацијата и честопати се поврзани со други структури и групни нивоа на механизми (Vergani et al., 2018).

Некои познати фактори на изложеност во локалниот контекст опфаќаат: (1) привлечност кон идеологијата (наративот) на екстремистичката група која тврди дека решава одредени прашања и исполнува одредени основни социјални и психолошки потреби (Bjørgo, 2011. стр. 277–285); (2) идеолошко препознавање (Silke, 2008. стр. 99–123) и (3) значајните „други" од социјалната средина, како пријатели или семејство, кои често ја формираат првата врска на поединецот со екстремистичката идеологија и екстремистичката група (Bjørgo, 2011. стр. 277–285). Одредени трауматични настани во личниот живот или доживеано насилство (или од некоја група или против групата на која припаѓа) може да го забрзаат процесот на идентификување и вклучување во екстремистички сцени. За вакви ситуации и процеси карактеристична е когнитивната дисторзија: „сè или ништо", односно кога лицето гледа црно - бело на животот, има ригидни сфаќања кои не се на континуум од вредности, туку кај него постојат само два екстрема т.е. најдобро – најлошо (Silke, 2008 стр. 99–123; Bjørgo, 2011. стр. 277–285). Психолошката вознемиреност/стрес ги зајакнува екстремистичките верувања и поддршката за радикални движења, поделувајќи го општеството во двете можни насоки на политичкиот спектар. Насоката, лево или десно, зависи од динамиката на културни, политички и историски фактори кои одредуваат дали идеолошките влијанија кои го поврзуваат радикализмот со национализмот во дадена заедница се наоѓаат претежно на политичката десница, или политичката левица или на двата краја на политичкиот спектар (Prooijen et al., 2019. стр. 159–163).

Контекстуалните фактори обично се надградуваат врз искуството и перципираното доживување и чувства на фрустрација и незадоволство од одредени аспекти на личниот живот на поединецот, општеството и/или одредени јавни политики. Иако идеолошките аргументи се најчеста пост хок оправданост/рационализација за вклучување во екстремистичка група, радикализацијата главно е вкоренета во социјално ориентирани контекстуализирани елементи што потекнуваат од поширокота средина. Идеолошкото препознавање може да го насочи изборот кон одредена група, но во повеќето случаи специфичната идеолошка рамка се усвојува само по регрутирањето (Silke, 2008. стр. 99–123).

Едноставно гледано, ранливи се лицата кои се подложни на едноставен поглед на светот и криза на идентитет што на едноставен и јасен начин ги нудат/понудуваат одговорите за екстремистичките групи. Во основа, радикалните, па дури и насилните екстремистички движења се чини дека нудат три работи: (1) одговор на егзистенцијални животни прашања; (2) политички активистички одговор на неправдата и (3) чувство за дом и припадност. Ова одговара на три важни основи за (насилна) радикализација, како што се: (1) потребата за значење и припадност; (2) одговор на (перципирана) неправда, и (3) потреба за социјално/економско/политичко вклучување (Buijs, 2006. стр. 1-17). Така се конструираат четири профили на лица кои се полесно подложни на радикализација, односно, трагачи на идентитет, трагачи на правда, трагачи кон сензации и трагачи кон значење (Macdougall et al., 2018. стр. 277 -285).

Сепак, повеќето фактори на ризик се заеднички за голем број на поединци во денешните општества на брзи промени од кои само дел ќе се вклучат во екстремистички сцени или ќе прифатат насилство како легитимен одговор кон општествените промени. Ова укажува на тоа дека факторите на ризик не се доволни за да се објасни вклучувањето на индивидуата во

екстремистички сцени (Neuman, 2006. стр. 749-772). Затоа е важно да се идентификуваат и разберат локалните поттикнувачи, како и фактот дека овие фактори можат значително да се разликуваат од еден до друг контекст и многу повеќе од само револт на помалите заедници кон доминантните групи. Аспектите како формирање и криза на идентитет, самореализација, социјална позиција на индивидуата не се прашања кои се важни само за немнозинските групи, туку и за мнозинските, особено во динамиката на промена на односите на моќ. Затоа денес, екстремизмот не е само прашање на „стекнување на права“ на не-мнозинските заедници туку и отпор на мнозинските групи кон растечката хетерогеност, особено видливи како етничка и религиозна разновидност на заедницата, често гледано низ призмата на „нацијата“. Денес, повеќе студии ја потенцираат изложеноста отколку склоноста во дијагностицирањето на факторите на ризик на вклучување во екстремистички сцени (Abu-Nimber, 2018. стр. 5).

Важно е да се напомене дека радикалните верувања, на левиот или десниот крај на политичкиот спектар не се индикатор дека неминовно се развива насилен екстремизам или тероризам. Многу луѓе кои имаат радикални идеи никогаш не се вклучуваат во терористички акции (Neuman, 2000. стр. 749-772). Дури и оние кои се вклучуваат во насилен екстремизам и тврдат дека имаат „кауза“ - не се идеолози или длабоки верници во екстремистичкиот наратив. Некои имаат само површно знаење или посветеност кон екстремистичкиот наратив, но постојат и други причини што ги вовлекле во групата. Идеологија и акцијата понекогаш се поврзани, но не секогаш. Така, радикалните верувања се фацилитатор или барем неопходен претходник за насилен екстремизам и тероризам, и треба да се разбере разликата помеѓу идеологија и акција (Borum, 2012. стр. 7-36).

*Според кои критериуми одредена екстремистичка идеологија станува закана за јавната безбедност?*

Начинот како се дефинира заканата има длабоки импликации за тоа како се разбира овој феномен и истовремено, како се обраќаме кон групите и членовите. Ова е прашање на кое треба да се одговори преку осознавање на динамичниот процес на промена од радикализација кон насилен екстремизам или како што се опишува во метафората на скалила и пирамида, каде во најниските делови се зборува за радикалност, потоа за насилен екстремизам и веќе во погорните делови за тероризам (Moghaddam, 2005. стр. 161-169). Прашањето на осознавање често нè води до генерализации. И иако во ова поле, создавањето на профили или листа на фактори не помага, сепак, профилирањето на димензии, процеси и патишта низ кои проаѓаат лицата кои стануваат дел и подоцна ги напуштаат радикалните сцени овозможување идентификување на можни превентивни акции, пред сé, деконструкција на повлекувачките пораки и процесите на радикализација, а со тоа и кон конструирање на нови наративи на инклузија и припадност.

Широката достапност на Интернет, онлајн медиумите и социјалните мрежи ја отежнуваат работата на институциите и локалните заедници. Истите ја нарушија традиционалната поделба помеѓу креаторот на екстремистички содржини и корисникот, овозможија појава на повеќе локални лидери и креатори, како и платформа за „живот“ на групите за кои постои социјална неприфатливост за репрезентација во физичкиот јавен простор (Mattsson & Johansson, 2018. стр. 34-69). Онлајн медиумите и „виртуелниот живот“ на екстремистичките сцени е особено привлечен за лицата кои се трагачи по правда и статус (Macdougall et al., 2018. стр. 1 -14)

Она што треба да се направи не е само да се обидеме да разбереме што лицата кои стануваат дел од екстремистички сцени мислат за комплексната социјална реалност во која живееме и како дошло до тоа да размислуваат на тој посебен начин што исклучува и поедноставува, туку и како се движат од размислување кон акција. Тоа за жал не се остварува преку една, единствена теорија, дисциплина или истражувачка рамка. Односите и динамиката на микро (индивидуални) и макро (социјални/културни) нивоа дури и во поширока слика на глобални движења и нивна транслација во локален контекст е неопходно да се осознаат за подобро да се разбере феноменот на политички екстремизам (Veldhuis & Staun, 2009).



# НА ШТО УКАЖУВА ОВАА АНАЛИЗА?

**Дијагностичка рамка:** *Кои индивидуалци, групи, движења или структури (истражувањето го користи терминот „сцени") може да се идентификуваат како закана по јавната безбедност во Република Северна Македонија? Кои актери, фактори, настани, релации, методи во екстремистичките сцени се некои од препознатите „виновници"?*

Организираниот криминал (разни видови илегална трговија), насилниот екстремизам преку подготвителни терористички дејствија, регрутирање, радикализација и општествено-политичките процеси (фрагментација и поделба на општеството, испреплетени со коруптивни активности, говор на омраза и хибридни закани (ширење дезинформации, пропаганда, сајбер напади) се препознати како клучни закани за јавната безбедност во земјата. Како што наведува еден експерт: *„Екстремизмот има неколку манифестации или рефлексии коишто се во доста опасни димензии кога се комбинираат со структурата на општеството, институциите и хроничните проблеми со институциите, итн. И во тој поглед, ние немаме проблем само со одреден вид на екстремизам како насилниот екстремизам како евентуална фаза кон тероризмот, туку ние имаме неколку"*. Меѓу нив, јасно се препознаваат: насилниот политички екстремизам, религиозниот екстремизам и насилниот екстремизам во спортот, како дел од политичкиот инженеринг и политичката култура на управување.

Експертите се согласни дека во Северна Македонија зборуваме за идеолошки обоен екстремизам што во платформата на дејствување на политичките партии не се отсликува на спектарот на левица и десница, но во социјалните движења ги рефлектира идентитетските прашања, различностите особено етничките, религиозните и јазичните и се рецидив на процесите на предизвикување на концептот нација-држава и распределбата на ресурсите и моќта помеѓу етничките групи.

Политичката нестабилност и инструментализацијата на разновидноста на општеството, особено етничката и религиозната во дискурсот на борба на ресурси и моќ (етно-национализмот) е карактеристика на нашето општество што го прави ранливо кон  екстремистички сцени кои се обидуваат да понудат одговор на реалните и/или перципирани социјални проблеми. Разновидноста на општеството не треба и не смее да се гледа како закана. Но, инструментализацијата на различноста во креирање на „непремостливи" разлики помеѓу групите, влијаат врз формирање на дискурс на исклучување и рамки во кои „Другите" се *„културно далечни"* и поради тоа во одлучување за колективното добро тешко можеме да дојдеме до заеднички став и/или консензус, како што наведуваат експертите.

Ова истражување не ги квалификува патриотизмот и потребата за одбрана на својата заедница како априори штетни. Припадноста и солидарноста кон заедницата инспирира социјални движења и слободното демонстрирање на ставовите се одлика на здрава демократија. Постоењето на дебата за вредностите и акциите на општествените сцени е неопходно во осознавање на развојните процеси на промени што се случуваат во групите (низ генерации, возраст, целни групи). И експертите се согласни дека барем во последните пет години бевме сведоци на општествени движења кои доведоа до промени на политики, јасно несогласување со вредносната ориентација на образованието, социјалната клима, политичката власт, па дури и до промена на начините на политичко управување кон партиципативни и инклузивни. Тоа што во Северна Македонија овозможува различните сцени кои негуваат поларизирачки ставови да прераснат во групи на омраза, јавно жигосување на поединци и групи и примена на насилство е политиката на неказнивост на кокетирањето помеѓу политичкото и етничкото, и политичкото и религиозното. Етничките и религиозните „претприемачи" фацилитираат дејствување на неформални сцени, надвор од формалните актери (политички партии, официјални религиозни заедници) и каде идеолошки се обликуваат и радикализираат индивидуалците кон екстремни политички уверувања

и се легитимизира употребата на насилството. Социјалните медиуми само овозможија „живот“ на овие сцени во еден релативно нерегулиран и нецензуриран јавен простор, надвор од формалната комуникациска акција на институции и граѓани (традиционалниот јавен простор). Една од експертките, индиректна одговорност за поттикнување на екстремистичките наративи лоцира и во граѓанскиот сектор и јавните интелектуалци затоа што *„јавните интелектуалци се аналогно поделени во главните јавни матрици, во однос на наратив, од едната или од другата страна. Одговорноста е поголема и поапсолутна кај секој што е јавен интелектуалец, писател или било кој што излегува во јавност и говори на одредени теми затоа што тие се креаторите на плурализам на мислења, имаат одговорност за промовирање на дискурс на надминување на предрасуди и стереотипи за другиот, за надминување на дихотомијата на „ние“ и „тие“. Во недостиг на таков плурализам на мислења се случува она што се случува. Двете доминантни опции ги користат своите наративи, за добивање на политички поени, во своите гласачки тела. Тука тој наратив се зајакнува“.*

**График 1. Тенденции на мислење на експертите изразено во проценти за актери кои имаат улога во поттикнување на екстремистички движења.**




**Актери кои имаат улога во поттикнување на екстремистички движења во нашата земја**

Најголем дел од експертите (24,25%) сметаат дека политичките партии имаат најголема улога во поттикнување на екстремистички движења. Следни, според нив, се спортските навивачки групи (22.19%), потоа религиозните групи (21,32 %) и граѓанските здруженија (16,76%). Најмала улога според експертите во поттикнување на екстремистички движења имаат владините институции на локално и национално ниво (15,47%). Освен овие актери, еден експерт ги посочува и медиумите како поттикнувачи на екстремистички движења преку ширење на лажните вести.

Високата функционална неписменост на граѓаните особено рефлектирана во медиумската неписменост да се препознаат лажни вести е закана за политичката и безбедносната атмосфера во општеството. *„Ние сме менталитет кој трага по она што ќе го потврди неговиот/нејзиниот став. Ние трагаме по факт и не целиме да испитаме нешто. Ние тргнуваме со одредена предрасуда, која трагаме само да си ја потврдиме. И сè што не ни одговара когнитивно го отфрлуваме. А се што барем малку ни одговара, го извитоперуваме и го прифаќаме. Ова значи дека секоја странска служба може да ни продаде каква сакаме приказна. Ние сме анти-интелектуално општество склоно кон опскурни теории, кон теории на заговор, кон упростувања“*, наведува еден експерт. Тие карактеристики на политичката култура овозможуваат екстремни сцени и популизам како директна рефлексија на постојаната, но не секогаш продуктивна критика на општеството.

Експертите не препознаваат јасна врска помеѓу насилниот екстремизам и етно-национализмот особено поради внатрешната политичка поделеност на најголемите етнички заедници, македонската и албанската. Поларизацијата на големите политички партии во рамките на своите

етнички блокови ја прави доминантна внатрешната раслоеност на етничките групи (означување како „патриоти“ и „предавници“), а помалку „жива“ дискусијата за перципираните статусни разлики помеѓу етничките заедници.

Бројни настани од скорешното минато се препознаваат како случувања кои имале потенцијал да мобилизираат лица во екстремистички сцени. Имигрантската криза од 2015-та година е надворешен фактор што се врами во одредена екстремистичка форма на внатрешен отпор, преку граѓанското самоорганизирање.[3] Оваа тема и денес се експлоатира за политички цели, преку дијагностички пораки дека: *„мигрантите ќе бидат присутни во твоето, нашето маало, ќе одат на училиште со нашите деца, ќе го земат твоето работно место, доселувањето мигранти значи и пораст на стапката на криминалот и насилството“* (Радио МОФ, 2017; Радио Слободна Европа, 2017). Објавувањето на бомбите и таканаречената Шарена револуција[I], Кумановските настани во Диво населе[II], двојазичноста и таканаречената Тиранска платформа[III], потпишувањето на Договорот со Грција[IV], референдумот и промената на името на државата[V], социјалните движења „Протестирам“, „Бојкотирам“ и „За заедничка Македонија“[VI] и особено упадот во Собранието на 27-ми април 2017[VII] година се акцентираат како настани со најголем потенцијал за мобилизација на граѓанството и радикализација на политичкото изразување. Поретко споменувани се настанот на Смилковско Езеро[VIII], Договорот за добрососедски односи со Бугарија[IX] и повикот за „десороизација на општеството“[X] што се случи во предвечерјето на парламентарните избори во 2016 година. Два исклучително споредувани настани на политичка поларизација се Шарената револуција и „За заедничка Македонија“. Двете движења беа масовни, во смисла на одек во граѓанството, и кои покрај разликите во мотивите, инклузивноста, методите на остварување на целите, имаа заеднички елемент на делегитимирање на управувањето со, во одреден степен, насилни елементи (напад на институциите). Секако, со важна разлика дека Шарената револуција не кулминираше со свој „27-ми април“ и покрај електризираната атмосфера во движењето. Настанот „27-ми април“ е посебно важен затоа што се обидува да ја затскрие како невидлива политичката злоупотреба на патриотските чувства и каде внатре-етничката радикализација беше пострашна од меѓуетничката спротивставеност. Експертите се согласуваат дека „27-ми април“ ги освести политичките претприемачи од центар-десно или десната политика околу возможното во политичкиот екстремизам во земјата. *„Ги освести дека не може така. Ти живееш со други луѓе во општеството со кои споделуваш, различни вредности и не можеш така да се однесуваш. И мене не ми се допаѓа, но не можам да излезам и напаѓам на улици. Така? Мора да има некаков легитимитет системот. А потоа дали јас ќе го критикувам неговото владеење, или ќе протестирам, тоа е мое право. Меѓутоа мора да биде во рамки на Уставот и законите. Палењето на канцеларијата на претседателот Иванов ги освести голем дел од луѓето од Шарената револуција, а 27-ми април ги освести луѓето од таканаречениот патриотски блок. Така што, можеби овие настани за жал беа трагични, но имаат едукативна вредност за нашето општество“*, заклучува еден експерт.

Како дополнување на тезата дека во Северна Македонија денес доминира политичкиот, а не етно-националниот екстремизам, експертите го посочуваат настанот во Диво населе во Куманово од 2015 година. Експертите сметаат дека овој настан имаше потенцијал, но не се прелеа кон меѓуетничките односи поради трезвеноста и критичката анализа на граѓаните кон обидот истиот да се врами како меѓуетнички судир. *„Луѓето од 2001 година научија дека не може туку така да ги втурнуваш во војна. Мислам дека многу трезвено изреагираа. Видоа дека се работи за изолирана група и видоа дека таа изолирана група нема потенцијал да ги внесе Албанците и Македонците во нов конфликт. Дури и во таква сензитивна и невротична политичка атмосфера во која се наоѓавме во моментот кога Диво населе се случи. Тоа ми е индикатор дека можеби меѓуетничките односи никогаш нема да бидат сјајни, но не се толку лоши. Затоа мислам дека внатре-етничкиот македонски судир во моментот е многу поголема опасност за стабилноста во политичката сцена отколку Македонско-Албанскиот потенцијал за конфликт“*, наведува еден експерт.

[3] Граѓанското движење „Будење“ организираше собирање потписи во повеќе општини, и каде за време на локалните избори граѓаните на Штип и Кавадарци имаа можност за референдумско изјаснување и околу Стратегијата за интеграција на бегалци и странци подготвена од Министерството за труд и социјална политика.

И насилното однесување на спортските навивачки групи особено на фудбалските натпревари е повеќе во контекст на социјална мобилизација на „насилници“ отколку како сцена со автентично политичко-идеолошко дејствување. Според експертите, ова е сцена на ултра националистичко однесување и говор на омраза, скоро и без исклучок. Но, како хиерархиски организации, однесувањето им зависи пред сè од водачите. Така, членовите на навивачките групи можат да бидат субјекти во насилни акти и вообичаено се злоупотребуваат од политички структури, преку нивните водачи, активирани за одредени цели како инструмент на политичките актери. Ретко истите се инспиратори на екстремистички сцени, а почесто како распространувачи на екстремистички пораки. Експертите го посочуваат и настанот во Македонскиот народен театар од декември 2019 година со однесувањето на една навивачка група како пример за интернализацијата на насилството кај овие групи, но разврската на овој случај се сведе на кокетирање на политичките партии со овие екстремистички сцени, затоа што политичките актери ги елиминираа социјалните и психолошките бариери што можеа да го спречат насилното делување, но и правните кои требаше да го казнат ваквото однесување.

Дополнително, внатре-македонскиот судир според експертите се случува низ долгогодишна инструментализација на граѓанското организирање и цивилниот сектор, што не укажува само по себе кон потребата за контрола на граѓанскиот сектор колку кон потребата за развивање на критичкото мислење кај граѓаните и препознавање на рамките во кои се внесуваат лажни вести и дезинформации.

Неодговорноста и попустливата политика на санкционирање на дела кои произлегуваат од ширење на омраза одржуваат почва за политички екстремизам. Фактот што сме вклучени на некој начин во глобалната борба против тероризмот и денес се соочуваме со повратници кои учествувале во странски војски и боишта во Сирија, Украина или во други воени конфликти укажува дека се соочуваме со религиозна индоктринација, „влијанија од Истокот“, како што ги нарекува еден експерт и радикализација како „процес кој е жив и се менува од ден на ден“, како што наведува друг експерт. Инспирирањето на насилни екстремистички структури од страна на верски лидери надвор од институционалното теолошко учење во контекст на отсуство на институционални напори за ресоцијализација и реинтеграција на повратниците и социјална маргинализација на индивидуите и семејствата посочува кон потенцијални идни закани од насилен екстремизам.

Друга надворешна закана е регионалната нестабилност и експертите се согласуваат дека нерешеното косовско прашање, ситуацијата во Босна и Херцеговина, превирањата со Бугарија и зајакнувањето на десничарските влади влијаат врз состојбите во земјата. Сепак, експертите не го оценуваат како висок степенот на закана од регионалните случувања. Според нив, членството во НАТО и интензивните интегрирачки процеси во ЕУ ги зајакнуваат капацитетите за амортизација на дестабилизирачките регионални надворешни влијанија. *„Ние сме сепак место на средба на истокот и западот. Глобалната политика, војувањата во рамките на Блискиот Исток, Украина се делови каде што се судруваат големите политики во светот. Така што јасно е дека глобалната геополитика и судирот меѓу така да кажам интереси на Истокот и Западот е многу важен и многу видлив во случувањата кај нас“* наведува една од експертките.

Ова истражување се случува во време на глобалната пандемија од КОВИД-19 вирусот што има потенцијал да го редефинира терминот „закана“. Вообичаено, се претендира заканата да се отелотвори/конкретизира, да се идентификува преку група, заедница, политички или економски објект. Но, во овој случај КОВИД-19 укажа и кон слабоста на граѓанството да стигматизира во „Другиот“ виновник за пролонгираните ефекти на рестриктивните мерки врз општеството, но и криза на секуларноста и неказнивоста на официјалните религиозни структури пред законите. Здравствената криза на повидок произнесе и слабост на државата да спроведе владеење на правото и еднаквост на сите пред законот.

Според експертите, недостатокот на политичката стабилност, социјална кохезија и интегрирано општеството, перципираното чувство за нееднакви права, сиромаштијата, високата поделба на елитите со народот (граѓаните), високиот степен на корупција без разлика на политичката припадност и идеологија, како и предолгото претприемачко искористување на ефектите од овие

проблеми од политичките елити се мапирани како основни проблеми кои раѓаат екстремизам. *„Но, во суштината во сржта на целиот проблем е недостатокот на заедничко разбирање и почитување кое секогаш отвара големи врати за можни ситуации што би го одзеле мирот, општо“* наведува еден експерт. *„Ние имаме политичка култура што е склона кон проектирање на непријатели и општество што е многу лошо во справување со сопствената одговорност“* заклучува друг експерт.

**График 2. Тенденции на мислење на експертите изразено во проценти за потенцијал на фактори во поттикнување на екстремистички движења кај нас.**




## Потенцијал на фактори да поттикнат екстремистички сцени

Според експертите, погрешното толкување на религијата има најголем потенцијал да поттикне екстремистички сцени кај нас (18,85%), следено со перципираната неправда и политичка исклученост (18,27%), потоа, поврзаноста на политиката и религијата (17,6%), економската исклученост (17,26%) и глобалната политика и перцепција на неправда врз земјата (14,14%). Според експертите, аспектот на „слаба држава и слаби капацитети за безбедност“ е најслаб фактор во поттикнување на екстремистички сцени (13,88%). Дополнителен фактор што го истакнува еден од експертите е високо распространетата корупција.

Интернетот и социјалните медиуми само овозможија создавање на таканаречени твитер револуции, лажни вести и алтернативни толкувања, насилнички групи, објави, говор на омраза, повици за линч и каде поради анонимноста и поради неограничениот простор на делување, повикуваат на насилство. Локалниот контекст каде живеат повеќе етнички групи не секогаш се перципира како средина/контекст со повеќе можност за поттикнување на екстремистички сцени. И покрај кревките меѓуетнички односи сепак маргинализацијата односно исклученоста од општествените текови повеќе се идентификува како фактор за поттикнување на политички и етно-национален екстремизам. Така, контекстот е помалку важен освен во случајот на затворите каде експертите препознаваат потенцијали за радикализација, што укажува кон потребата од силни напори за рехабилитација и ресоцијализација додека лицата се сè уште во казнено поправните институции.

Образованието и стравот од непознавање на „Другите“ се посочуваат како фактори кои придонесуваат или ги прават луѓето повеќе склони кон екстремистички толкувања на реалноста. *„Преку образованието може да се влијае во градењето на отпор кон екстремизмот во државата“*

наведува една експертка. Продолжува со укажувања дека интегрираното образование што овозможува запознавање со различностите, пренесувањето на пораки на толеранција, на родова еднаквост, од најниските до највисоките нивоа на образование се клучни за критичкото мислење за различноста, заклучува експертката. Пример за институционално воден процес со спротивни ефекти е општествената дебата за Законот за јазиците што поттикна многу страв од замислените импликации на законот. *„Формалното образование може многу повеќе да се вклучи во градењето на овие принципи во општествените наративи“* заклучува една од експертките.
Ова е особено важно затоа што младите се непропорционално повеќе вклучени во екстремистички сцени и токму овие структурни, но и контекстуални фактори ги прави поподложни на индоктринација и процес на радикализација. Економските фактори (невработеност, сиромаштија, низок животен стандард), општествено-политичките фактори (апатија, бесперспективност, безизлезност, нефункционалност на државните институции и општеството), образовни фактори (слаб образовен систем), религијата, одливот на мозоци имаат зајакнувачки ефект кон вклучување на младите во екстремистичките сцени.

Потенцијалот на екстремистичките сцени да бидат закана за јавната безбедност според експертите најмногу зависи од политичката и општествената клима што ќе се гради во периодот што доаѓа. Внатрешната криза повеќе влијаеше кон фрагментација на македонскиот блок и тука треба да се следат ефектите од промената на уставното име на државата, воведување на двојазичноста, и разрешувањето на прашањата со соседите. Кај албанската етничка заедница, експертите не очекуваат креирање на платформа за насилство или националистички екстремизам. Според нив, доколку се појави, тоа би било реактивно на екстремните сцени од македонската страна. Експертите воглавно се фокусираат кон овие две етнички заедници бидејќи тие имаат историја на конфликт.

**Мотивациска рамка**: *Кои се мобилизациските пораки на екстремистичките сцени во нашата земја (идеологијата, насилството како оправдан облик на спротивставување) и како се конструира сликата за сцената (групата) што мобилизира?*

Пораките на екстремистичките сцени вообичаено се популистички и/или апокалиптички, создавајќи разлика на „Тие“ – „политички коректната елита“ што го предаде народот „Нас“ и поради тоа народот мора да дејствува или да се соочи со уништување.

Екстремистичките сцени во Северна Македонија се глобални[4] во смисла дека се дел од „замислена заедница“ на истомисленици кои се спротивставуваат на разновидноста и културната промена во општествата. Наши сограѓани се дел од странски војски, наши сограѓани беа предводници на онлајн подемот на Доналд Трамп во време на неговата прва кандидатура за претседател на САД, кај нас има (и имаше) движења за де-сороизација (Стоп Операција СОРОС, објавено на Телевизија Сител, 2017) на општеството (со примеси на антисемитизам). *„Или ајде обратно да ја поставиме тезата. Не постои ниедна глобална екстремистичка закана која нема свој експонент во Северна Македонија“*, забележува еден експерт. Но, и покрај ова идеолошко препознавање, овие сцени имаат локализиран „зачин“ што потекнува од комплицирани национални/државни/општествени настани и состојби. Главните поттикнувачи на екстремистичките сцени сепак е „преводот“ на глобалните движења против разновидност и модернизација (дали истата е преведена како либерални наспроти конзервативни општества, современи наспроти традиционални вредности, односно предизвикување на патријархалноста и државите-нации, глобализација и влијание од надвор наспроти ре-локализација и историско дефинирање односи на моќ) во локалниот контекст. Според експертите, политичките структури во земјава имаат силно влијание во врамување на екстремистичките сцени, и на левата и на десната страна на политичкиот спектар. Сепак истите и не се локализирани во само некои места, иако локалниот контекст има можност за врамување на екстремистичкиот сентимент, како изградбата на црква на Калето во Скопје што прерасна во општ револт кај Албанците кон хегемонијата на

[4] *„Кризава со КОВИД -19, покажа дека светот е едно големо село“* укажа еден експерт.

македонската заедница или отпорот на Македонците кон реставрацијата на Чарши џамијата во Прилеп, оштетена за време на етничките конфликти во 2001 година како одмазда за загинатите војници кои потекнуваа од овој град. *„Се користи локалниот контекст за да се прати национална порака“*, како што сублимира еден експерт, *„често преку заканите што се упатуваат до претставниците на властите, но се ангажира локалниот контекст заради подобар прием и добивање на поголем интерес кај населението“*, заклучува друг експерт. Следењето на инцидентите на омраза може да укаже кои се тие локации со посебен потенцијал за експресија на екстремистички ставови, но општ став е дека истите се распространети насекаде и нема специфичен локален контекст што е склон кон поттикнување на екстремистички сцени.

Основните пораки на екстремистичките сцени треба да дадат одговор на потребата за значење и припадност, политички ангажиран одговор на (перципираната) неправда, и потребата за социјално/економско/политичко вклучување. Во одредена смисла, пораките на екстремистичките сцени станаа доминантен тренд во размислувањата, конвенционални и „нормални“. Нужната потреба по алтернативни објаснувања е резултат на непотентноста на науката и политиката да дадат одговор на овие значајни потреби за човекот. *„А тие работи водат кон гнев, фрустрација и верувања дека земјата е рамна“*, укажува еден експерт.

Сè додека политиката не дава суштински одговор на егзистенцијални животни прашања, преку економијата, тогаш чувство за дом, припадност и вредност (значење), одговор на (перципирана) неправда и исклученоста, овие теми лесно ќе се врамуваат во пораките на екстремистичките сцени.

Кај нас вообичаено тоа се пораки поврзани за името на државата, идентитетот и вреднувањето на државата и нејзините ресурси (тука и човечки), потоа пораки за секојдневната неправда што ја доживуваме како мали заедници и држави и исклученоста од тековите внатре, како граѓани и заедници во однос на суштинските државни прашања. Целта е да се предизвика *„гадење од мејнстрим*[5] *политиката кај луѓето, гнев, гадење и лутина“*, како што наведува еден експерт од „политички коректната елита“ и поради што народот или мора да дејствува или да се соочи со уништување. Така екстремистичките сцени нудат нешто што се чини како поприфатлива алтернатива.

Најсвежо посочени слогани или пораки кои можат да се доведат во релација со политички екстремизам се:

- Националното пред сè;
- Ние сме во право, другите не се;
- Ние градиме, другите уништуваат;
- „Мртов шиптар, добар шиптар!” версус „Мртов каур – добар каур!”;
- Украдена/заробена држава;
- Мора да се одбрани државата која постоела од секогаш;
- Никогаш Северна, секогаш Македонија.

Пораките кај нас претежно се од етно-националистички и политички карактер и укажуваат на надмоќ, доминација над другите, кој е подобар, кој полош, а често се служат и со говор на омраза и создавање стереотипи и предрасуди спрема другите кои не се вклопуваат во нивната група, односно заедница. Реториката користи емоционално набиени зборови, како загрозеност (на пример од тнр. Тиранска Платформа), одбрана на честа, угледот, од предавниците, напад од нелојалното малцинство, хегемонија на групата или религијата. Повеќето екстремистички настроени пораки се антиевропски – антиамерикански ориентирани, супремациски[6] пораки на

[5] *Мејнстрим* треба да се разбере како: „идеи, ставови или активности што се сметаат за нормални или конвенционални, доминантен тренд во мислењето, модата или уметноста“.
[6] Супермација е состојба или особина на оној кој е супериорен и доминира над другите. Во политиката, врховната моќ, претставува највисок авторитет или највисок ранг. Во меѓународните односи, претставува доминација на една сила над друга во воен конфликт или во конфронтација со други актери.

надмоќ. Насилството се смета за легитимно доколку се брани групата и/или државата. Повици за физичко насилство сè уште постојат, но според експертите опаѓа потентноста на овој дискурс. *„Насилството раѓа насилство, ама не секогаш е функционално. Кај нас мислам дека почна малце помалку да се заговара, мислам дека се свестија политичките фактори“*, нагласува еден експерт.

Овие пораки често се следени и од иконографија што укажува кон припадноста, културната меморијата и распоредот на моќ помеѓу групите, на начин на кој се укажува кон оние кои припаѓаат и оние кои се исклучени од еден социо-политички простор. Дел од експертите се согласни дека етно-симболизмот и користењето на симболи што се дел од културната меморија или религиозен идентитет на една група (повторно погледната како хомогена заедница) се дел од визуелната репрезентација на екстремистичките сцени кај нас. Оваа доминантно идеолошка форма на обојување на јавниот простор ги прави националноста, етничкиот и религиозниот идентитет надмоќни над граѓанскиот идентитет. Во нашата земја, ваквото идентификување не се случува само во рамките на екстремистичките сцени туку и во репрезентацијата на политичките партии. Експертите се согласни дека ова се симболи на исклучување, територијализација и дополнителна поларизација на групите во општеството, во форма на „ние“ наспроти „тие“. Она што е потребно да се направи е, како што наведува една експертка, е да се изнајдат заедничките симболи на заедници кои се вклучувачки, неутрални и универзални (на пример, прикажување на природните убавини на земјата).

Реториката на екстремистичките сцени се засилува околу важни политички случувања. Затоа и еден експерт укажува дека важноста на пораките не е само во содржината туку и во тајмингот. Етно-национализмот и политичките „кујни“ се особено актуелни пред важни политички случувања, како што и се случува денес во екот на парламентарните избори во јули 2020-та година. *„Бидејќи било какви пораки да праќаат, важно е тие да знаат за каков менталитет на луѓе се работи, а ние сме општество што сè уште не е доволно едуцирано, т.е. медиумски не е едуцирано за да сфаќа каде е разликата, каде е манипулација и вистинската вест. И какви интереси и проблеми имаат луѓето, перципирана неправда, маргинализираност, фрустрација, се наоѓа порака која нема идеолошка доследност, туку има идеолошка цел. И обично тие ја постигнуваат целта со давање на што порадикални пораки во одредени моменти и зависи за која структура или целна група станува збор“* наведува друг експерт. Денес се чини дека главната битка се води на социјалните медиуми. Вербалното насилство доминира над повиците за физичко пресметување. Говорот на омраза е инструмент на токсичниот етно-национализам што е особено доминантен во текот на важните политички случувања. *„Постои социјална фрустрација, економска исклученост на голем дел од општеството, социјалните мрежи тоа го зготвија уште полошо. Таму има комплетно неразбирање и поларизација во два, три, пет табора“* укажува друг експерт. Некои експерти укажуваат кон целосна кохабитација на пораките на етно-национализмот и политичките актери што ни зборува дека сè уште живееме во *„заробена држава каде сите процеси се контролирани од етно-националистичките партии и кога им треба таа карта, ја играат. И таа карта исто им овозможува да се претставуваат и како фактори на стабилност, и они ја држат под контрола ситуацијата, а имаат капацитет да направат беља, ама затоа треба да бидат слушани, но и да бидат толерирани глупостите и од странците. Тоа е дел од мејнстрим играта, која не е дел само од крајностите на политичкиот спектар, кои растат, постојат, ама не се толку силни“* наведува експерт. Безбедност и стабилност кај нас се сè уште мотивирачки термини кои поттикнуваат реакција кај граѓаните. *„Небезбедноста кај народот предизвикува страв и паника дека нешто може повторно лошо да се случи и гласаат за онаа политичка партија која им гарантира безбедност во делот на заштита на нивните права“* посочува друг експерт.

Експертите очекуваат запаливите етно-националистички и политичко-екстермни пораки да губат потентност во борбата со лажните вести. Но, за истото да дава позитивни резултати треба да се подигне функционалната и медиумската писменост на граѓаните, да се препознаат лажните вести, да препознаваат дезинформации, да проверуваат од повеќе извори на известување. Ситуацијата со пандемијата околу КОВИД-19 не е охрабрувачка. Јавните институции во екот на здравствена криза се борат со лажни вести и теории на заговор кои го делегитимираат постоењето на вирусот и/или неговата смртност. Други вакви настани се случувањата околу Законот за употреба на јазиците. *„Секогаш сме биле многу лесен плен на идеолошкото пропагандистичко делување“* заклучува еден експерт.

**Прогностичка рамка**: *Главните линии на дејствување предложени од екстремистичките сцени (атрибуција на одговорност на етно-национализмот и степенот на закана, главните поттикнувачки фактори, најголеми последици на етно-национализмот кај нас).*

- *Улогата на политичките партии*

Експертите се согласни дека етно-национализмот често е злоупотребуван и ставан во функција на одредени политички и општествени процеси во државата. Иако можеби надлежните институции го препознаваат и се свесни за неговото инструментализирање, сепак не се преземаат доволно превентивни мерки и активности за спречување на штетите од претприемачкото користење. Затоа, експертите главно се согласни дека етно-национализмот се препознава како закана за јавната безбедност кај нас од страна на релевантните субјекти, но без преземање на конкретна акција, односно активности на дело за негово управување.

Етно-национализмот често е како „фил“ во една мултикултурна „торта“ што може да поттикне кариес само доколку не се прават редовни контроли.

Теоретски е возможен судир на левицата и десницата во земјата особено поради растечката поларизација во општеството, но експертите гледаат мала можност тоа да се оствари во реалноста (55%). Само 27% од експертите мислат дека можеби би имало судир помеѓу политичката левица и десница освен оној на изборите, а по 9% од експертите не знаат или сметаат дека постои друга можност. Тие потсетуваат дека се соочуваме со политичка култура каде лесно се создаваат идоли и култови кон политичките лидери, а така некритички и неаргументирано се примаат одлуките на лидерите. Оттука, политичките лидери лесно може да управуваат со нивните членови, а партиската организација и структура дополнително им го олеснува и овозможува тоа.

**График 3. Тенденции на мислење на експертите изразено во проценти за можност за судир на политичката левица и десница освен на политички избори.**




Можност за судир на политичката левица и десница освен оној на политички избори

Како „политичка религија“ (Smith, 2000. стр 791-814), национализмот е поврзан со месијанизацијата[7] на политиката и со политизацијата на етничкото (Glazer, 1983), и ова е сосема вистинито за Северна Македонија. Според експертите, граѓаните (не само заедниците) имаат

[7] Месијанизација е тенденција на доделување на спасувачката функција на човек, актер или некој друг субјект; емоционализација, поддршка на социјални, политички, религиозни и други цели и верувања со жар и пасија.

научени лекции од минатото и поопуштената атмосфера во општеството и повисокиот степен на толеранција имаат неутрализирачко дејство врз екстремистичките сцени, посебно кај некои екстремистички движења од тој аспект. Иако екстремистичките сцени денес и во минатото повеќе се десничарки обоени, како идни предизвици и можни извори на закани во однос на безбедноста се гледаат промените во социјалната структура, осиромашувањето на граѓаните и социјалниот немир. *„Самата пандемија предизвика многу проблеми во економијата, а со тоа и многу социјални прашања коишто Владата или некоја идна влада ќе треба да ги решава со цел да ја зачува безбедноста во државата и тука гледам потенцијал за покренување на некои движења "* заклучува друг експерт.

Главните поттикнувачки фактори за етно-национализмот кај нас се перципирана ситуација на нееднаквост помеѓу групите и заедниците, историските процеси, слабата критичка свест кај граѓаните, кревката демократија и политичката нестабилност, слабата економска моќ и нискиот економски стандард.

Главните последици на етно-национализмот во земјата се: меѓуетничките тензии, поделеност на граѓаните, отсуство на комуникација помеѓу заедниците, насилство, говор на омраза, ширење нетрпеливост, толеранција кон коруптивни однесувања на етничката елита за социјален мир, омраза, отсуство на заеднички политички идентитет, *„систем на Македонци, на Албанци, на неказнивост, систем на толеранција на неправди и систем кој произведува многу луѓе да се иселуваат"* наведува еден експерт. За друг експерт, последица на етно-национализмот кај нас е *„убивање на демократијата". „Мислам дека сè помалку двете заедници знаат една за друга и помалку имаат потреба да се знаат. Ние не живееме заедно, ние живееме еден до друг!"* наведува друг експерт.

Политичките партии, навивачките групи и здруженијата на граѓани се гледаат како главни актери во одржување на оваа фрагментација. За некои, самиот систем поттикна фрагментација и во отсуство на мерки за културно доближување, изучување на јазикот на другите, отуѓеност и непотребата да се знаат еден со друг се зајакнуваат.

- *Улогата на етничките заедници*

Експертите се согласни дека во моментот поголем потенцијал за етно-национална радикализација има кај Македонците. Чувството на губење на статус и предизвиканата доминација и барањата за редистрибуција на ресурси и моќ се мотиватори на етно-национализмот кај македонската заедница. Уредувањето на правата, идентитетските, културните и јазичните права на немнозинските заедници со Охридскиот Рамковен Договор не го згасна национализмот на другите етнички заедници, но го постави во ситуација на менаџирање. *„Не се оправда стравот дека ќе се распадне државата, иредентизам и ќе станеме федерализација"* наведува еден експерт.

Експертите се релативно согласни дека искоренувањето на етно-национализмот кај нас е скоро невозможно. Етничките, а со тоа и религиозните и јазичните маркери се доминантни во идентитетската политика. Тоа што веројатно треба да го научиме е како да менаџираме со оваа разновидност. Управувањето на разновидноста во секојдневниот живот и политиките е нешто што треба да го усовршуваме. *„Отвораме, неважни, повторно нови барања и вечно се вртиме во тој круг на етно-националистички хегемонии и етно-националистички виктимизации. Ова ќе биде присутно со нас на долг рок. Релевантна политичка енергија ќе се вложува во тоа и можеби е подобро да се научиме да го држиме ова под контрола отколку да се надеваме дека еден ден ќе го снема бидејќи, по мене нема да се случи тоа"*, дециден е еден експерт.

- *Улогата на граѓанското општество*

Неопходно е да се поттикне помирување на етничкиот плурализам и граѓанскиот мултикултурализам, не само како процеси помеѓу етничките групи туку и внатре во заедниците. Сепак ова не е линеарен процес и наидува на отпор. Пред сé, од индивидуалци и сцени кои примарно ја имаат таа етно-национална свест во прв план и одбиваат да станат еден вид на *„граѓани". „Јас мислам дека тоа е добра идеја, меѓутоа кај нас никако да профункционира особено затоа што односот помеѓу тој граѓански и етно-национален идентитет не е комплетно бинарен"*,

*затоа што односот помеѓу тој граѓански и етно-национален идентитет не е комплетно бинарен"*, наведува еден експерт. Експертите препознаваат ера на екстремен граѓанизам и екстремен етно-национализам во нашата држава и важна лекција е барањето на компромис и дека не постојат брзи решенија за структурните проблеми во нестабилното идентитетско поле. *„Треба да бараат решенија на пола пат, да се позиционираме и регионално и глобално многу пореално од она што едната или другата струја го заговара. Ниту ЕУ ќе не спаси и утре ќе донесе препород, ниту пак градењето на Скопје 2014, ќе не направи нас нешто големи Македонци. Оваа спротивставеност е чисто губење на време"* наведува еден експерт.

Експертите се согласни дека, иако остануваме општество што е кревко кон заканите од етно-националистичките екстремни движења, сепак потентноста на етничкото прашање како дијагноза и атрибуција на одговорност се намалува. Неодамнешната историја покажа дека граѓаните се отпорни кон сурова манипулација на етничкиот идентитет на „Другите" како закана за егзистенцијата на заедницата. Затоа екстремистичките сцени кај нас ја губат етничката димензија на разлика помеѓу граѓаните како главна мобилизациска рамка на етничката припадност.

- *Улогата на медиумите*

Придружни елементи на екстремистичките сцени во Северна Македонија се медиумите и дехуманизацијата на „Другите", како и религијата, нејзиното толкување и однесувањето на верските лидери. Потентноста на политичкиот екстремизам е и во неговото лесно потпаѓање и начинот на кој медиумите известуваат и врамуваат настани преку призмата на политички и етно-национализам. Експертите се согласни дека медиумите играат важна улога во одржување на перципираниот конфликт помеѓу групите и во легитимизацијата на одредени екстремистички наративи. *„Ти мора да спремиш терен, а во тоа ти помагаат медиумите"* наведува еден експерт. Состојбата во медиумите кај нас не е охрабрувачка во однос на тоа дека политиката на презентација на разновидноста може да се промени во скоро време. *„Најголемата опасност е што медиумите стануваат дел од пропагандата на лажните вести. Со политиката е веќе во нормала симбиозата. Не можеме тоа да го промениме затоа што има економска и политичка зависност, а тука и интереси. Но, лажните вести се проблемот"* наведува еден експерт. Особено нерегулацијата на социјалните медиуми е аспект што овозможува распространување на алтернативни гледања кон настаните во општествената реалност.

**График 4. Тенденции на мислење на експертите изразено во проценти за тоа колку медиумите и нивниот начин на известување поттикнуваат политички и етнички екстремизам (оценка од 1 воопшто не до 5 многу).**




**Колку медиумите и нивниот начин на известување поттикнуваат политички и етнички ектремизам?**

Така, 50% од експертите сметаат дека медиумите имаат огромна улога во поттикнување на политички и етнички екстремизам, 21% сметаат дека медиумите имаат големо влијание, а 29% сметаат дека медиумите имаат умерено влијание. Ниту еден од експертите не смета дека медиумите имаат мало односно воопшто немаат влијание врз поттикнување на политички и етнички екстремизам. Затоа борбата со лажните вести треба да се води преку соработка со медиумите и нивно зајакнување за објективно, непристрасно, етичко и одговорно известување.

- *Улогата на религијата*

Етно-национализмот и политичкиот екстремизам кај нас е поврзан и со политизација на религијата (Smith, 2000. стр 791-814). Заради својот карактер сличен на религијата, национализмот се судира со конвенционалната религија (Hertz, 1944). Сепак, овој судир во Северна Македонија не продуцира потентно насилство на религиозна основа. Според експертите, кај нас, религијата како верување, но не и нејзините формални претставници (религиозните институции) имаат важна кохезивна функција. *„Религијата може да биде посебно важен интеграциски фактор, дури поважен од мултиетничкиот. На овие простори полесно се поврзуваат луѓето преку религиозните наративи“* наведува еден експерт. Етно-национализмот како наратив на доминација на една етничка група врз други секогаш мобилизирал повеќе отколку наратив на религиозна супремација и покрај некои кокетирања на државата и православната религија за утврдување на „државна религија“. Религиозната толеранција е карактеристика на овие простори и според нив е дел и од причината зошто конфликтот од 2001-ва немаше поголем размер. Треба да бидеме внимателни кон начинот на толкување на религиозните учења и довербата што ја уживаат верските претставници и лидери. Активностите на регрутација и мобилизација на лица кои војуваа на странски боишта во Блискиот исток или на фронтот во Украина укажува дека религиозно-мобилизираниот екстремизам е активен процес кај нас и бара внимание од јавните политики и религиозните институции. Довербата во формалните религиозни институции и особено нивните лидери, според експертите опаѓа. Финансиската моќ на верските заедници е дополнителен фактор за нивна перцепција како моќни, но и корумпирани институции. *„Луѓето се религиозни, ние сме високо религиозно и конзервативно општество, но тоа не значи дека имаат висока доверба во религиозните институции, како МПЦ и ИВЗ. Туку имаат верба во идејата за Господ, во религијата како таква“* наведува еден експерт. Однесувањето на религиозните лидери и во екот на пандемијата со КОВИД-19 дополнително ја наруши јавната доверба во нив, видлив преку навредувањата и говорот на омраза застапен на социјалните медиуми. И наместо содејство со институциите во здравствената криза, верските заедници поттикнаа сомнеж во науката, вистинитоста на информациите пласирани од јавните институции и капацитетите на државата да се справи со пандемијата. Граѓаните ова го гледаат како неодговорност и така поретко се поставуваат во улога на гласни застапници на ставовите на верските заедници. Истовремено, односот на државата кон религиозните институции во овој период според експертите зборува за кокетирањето помеѓу овие два центри на моќ и на нарушување на секуларноста. Сепак, според експертите, религиозните институции се покажале пасивни во многу случаи со етничка позадина, иако би имале голема улога во превенирањето на таквите состојби. Кон изградбата на нови религиозни објекти, оценуваат дека јавноста гледа како на израз на надмоќ и доминација над другиот, а тоа го зајакнува дискурсот на меѓусебна омраза, нетрпеливост и етно-национализам. Нарушувањето на секуларизмот според експертите се случува и преку кокетирањето на политичките партии со религиозните структури кога верските заедници не се санкционираат за недозволени работи. Вакумот создаден поради намалениот авторитет кон понекогаш корумпираните официјални претставници, остава простор за други луѓе тоа го користат и промовираат поинакво толкување на религиозното учење. Затоа експертите сметаат дека е неопходно да се промовира изучување на религиите и нивната историја, но и вклучување на локалните верски лидери во политиките за креирање на контра и алтернативни наративи во борбата против радикализацијата која води кон насилнички и етно-екстремистички дејствија. Ова особено го истакнуваат верските заедници. Принципите на секуларност понекогаш се пречка за вклучување на верските лидери (и лица) во политиките и развојните пракси, очекувајќи дека примарната функција на овие лица е да дадат теолошки совети. Но, верските заедници сметаат дека неправедно им се ограничува учеството во тематското осмислување на одговорите кон екстремистички сцени и сметаат дека можат да придонесат кон развој на позитивни ставови и поинаков поглед кон општеството на лицата кои се радикализирани и поседуваат екстремистички

ставови. Според верските заедници, иако религијата не е главниот и единствен извор на екстремизам, сепак истата (т.е. погрешните теолошки совети) за жал можат да придонесат кон радикализација. *„Ако им се даде повеќе простор на соодветни религиозни лица (не на било кое религиозно лице) да учествуваат во давањето на одговори на овие теми, тогаш тоа би можело да доведе до поголема свесност од опасноста на овие појави, а и намалување на ризикот од истите“* наведуваат од една верска заедница.

## Политики и решенија:

- *Институционални капацитети и политики:*

Во оценката на капацитетите на институциите, експертите се главно согласни дека последните години има напредок во смисла на дефинирање на документи за стратешка ориентација и пристапот кон борбата со тероризмот и насилниот екстремизам. Она што се истакнува се некои ризик фактори кои може да го намалат успехот на стратешките напори, како лошиот перформанс на јавните институции во имплементација на акциски планови, јасно преточување на потребите на институциите во видливи проекти од областа на борба со тероризам и справување со насилен екстремизам кои се израз на хоризонтална и вертикална координација на институциите. Експертите се согласни дека и во условно десната и левата политичка опција во државата постои согласност за сериозноста на прашањето на насилен екстремизам и тероризам. Според нив, дури и десницата во македонскиот блок формира свесност за опасноста и од религиозно инспириран радикализам. *„Свеста се создава, меѓутоа кога тоа треба да се преточи во политичка акција, веќе политиката има пресудна вредност“* наведува еден експерт. Токму политичкиот интервенизам и одливот на мозоци од оваа проблематика се фактори на долгорочна опасност кон успешното справување со насилниот екстремизам.

Според експертите, клучно е да се работи на локално ниво на превенција и на подобра координација помеѓу органите кои работат во тој аспект, и тоа не само во безбедносните структури, туку и во образование, труд и социјална политика, граѓанскиот сектор. *„На локално ниво се ефектуираат отфрлувањето, осудата, изолирањето и гетоизирањето на лицата кои се дел од екстремистички сцени. Затоа локалното ниво во наредните 30 години ќе биде пресудно. Ако нема информации и доверба од локалното ниво, тешко може да се очекува успех на централно“* наведува еден експерт. На локално ниво може да се идентификуваат раните знаци на радикализација кое води кон екстремистичко делување, што подоцна може да се превенираат.

- *Капацитетите на граѓанските организации:*

Експертите споделуваат мислење дека граѓанските организации недоволно работат во ова тематско поле. Особено сметаат дека треба граѓанските организации да се интегрирани во делот на превенција. Според нив, државата има развиено алатки (стратегии и акциони планови) кои во соработка со граѓанскиот сектор треба да се операционализираат на локално ниво. Дополнително, и поголем е опсегот на донатори кои се интересираат за ова поле и треба да има координација на јавниот и граѓанскиот сектор во однос на активностите од ова поле. Потребни се и вмрежувања и неформални платформи за СНЕ и БПТ кои ќе бидат активни за осуда на сите настани на политички екстремизам, насилен етно-национализам и говор на омраза.

- *Рехабилитација и реинтеграција на поранешни членови на екстремистичките сцени во постојните општествени текови:*

Експертите се согласни дека институциите и граѓанскиот сектор немаат развиено знаење и практики за тоа како „да се биде надвор“ од екстремистичките сцени. *„Јас немам видено ниту еден документарец, ниту еден прилог на ТВ, за човек што се вратил од Сирија и рекол дека таму не те чекаат 77 девици туку беда, сиромаштија, угнетување, се спротивно од она што всушност ти го ветуваат. Кога ќе видам барем еден прилог, барем еден документарец, барем едно сведоштво, ќе се согласам дека учиме од тоа. Вака не гледам дека ги користиме и ако се случува само на некои*

*затворени работилници, тоа не е доволно. Тоа треба да биде јавно, да се прати важна порака до сите граѓани“* наведува еден експерт. Постои и согласност дека треба да се охрабриме и да ги вклучиме лицата кои биле од екстремистички сцени како едукатори на поинаков стил на живеење, иако експертите укажуваат дека овој процес има свои предизвици, пред сé, на враќање на довербата на лицата во институциите, правото и државата.

**Главни приоритети за во иднина во однос на етничкиот и политичкиот екстремизам и нивните насилни форми**

Според експертите, главен приоритет за во иднина е воспоставувањето на одговорност и правичен процес за луѓето кои се вклучени во такви сцени. Обезбедување на чувството на еднаквост, еднаков третман на сите и еднаков однос кон сите граѓани придонесуваат кон општествен дијалог за вредностите на инклузија и еднаквост, но и зголемување на довербата во институциите. Експертите не се оптимисти дека ќе успееме да го разрешиме секое прашање што има потенцијал да поттикне конфликти, но со јакнење на довербата меѓу граѓаните од различна верска и етничка припадност, со создавањето на платформа за заеднички вредности и јавно добро, ќе се намали моќта за инструментализација на разновидноста во екстремистичките сцени. *„Градење пријателство и мостови, кои не смеат да се злоупотребат и изневерат“* наведува еден експерт.

Политиките на отпорност треба да се градат преку мулти-секторски пристап и координација на сите нивоа во образложување и конкретизирање на проблемот со екстремизам (вклучување на граѓански организации, религиозни заедници, политички партии). Во креирањето на политики да се вклучат токму тие кои се засегнати со прашањата односно да се обезбеди квалитетно вклучување на заедниците во јавните политики и решенија.

И третиот приоритет е градењето на алтернативни наративи и контра-наративи кон нарациите коишто ги употребуваат екстремистичките движења, било религиозни, политички или етно-националистички.

На локално ниво, според експертите треба да се работи на зголемување на свесност кај властите за одговорноста при собирање на базите на податоци за насилен екстремизам, како и зголемување на капацитети на локалните власти да следат и да даваат извештај за бројката, карактерот и нивото на насилни инциденти, како и екстремистичка реторика што се појавува во заедницата.

Конечно, нагласуваат експертите, треба *„да си поставиме реално остварливи цели, да излеземе од концепт „ќе направиме“ туку да превземаме акција и дејствување, и видливоста на мерките што се превземаат да биде поголема”*. Според нив, недостасува и поголема транспарентност во однос на активностите во ова поле, да се контекстуализира креирањето на политиките и да се развива ендогена успешна пракса за справување со екстремизам, рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на поранешни „членови“ на екстремистички сцени. Секако, предуслови за ова да се случува се зголемувањето на степенот на критичко мислење и медиумска писменост кај граѓаните и водењето на искрени, партиципативни процеси каде граѓаните гледаат ефект од нивното учество.

Како добри практики во справување со екстремизмот се посочуваат локалните совети за превенција кои се во функција во општините каде има институционална застапеност и на другите етнички заедници. Истите се корисна алатка пред сè поради мулти-агенцискиот пристап кои го имаат и третирањето на прашањата. Во рамките на проект за безбедни училишта, полицијата поттикнувала дебата меѓу учениците за насилство на спортски натпревари и говорот на омраза.

Интервјуираните експерти ги даваат следните главни пораки за креаторите на политики:

- Воспоставување на одговорност, чувството на еднаквост, еднаков третман на сите и еднаков однос кон сите граѓани придонесуваат кон општествен дијалог за вредностите на инклузија и еднаквост, но и зголемување на довербата во институциите;

• Вклучување на разновидноста на сите нивоа во јавните политики, истакнување на мултиетничкото, мултирелигиозното и мултикултурното општество како предност, како јавно добро и искористување на потенцијалот што го генерира;

• Плурализација на јавната сфера и интегрирање на сите прашања, а не само на етничките во комуникацијата со „Другите";

• Учење од грешките во минатото, неутралност на политичарите и политиките што ги креираат во насока на поттикнување на граѓанскиот карактер;

• Вклучување на граѓаните во креирање на политиките преку механизам на реален импакт и влијание;

• Пораките паралелно да се пренесуваат и во формалниот дел на образованието и во неформалниот дел преку граѓанскиот сектор;

• Испраќање на силни пораки против насилниот екстремизам;

• Развој на мерки и активности за рано откривање и предупредување.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

Доминантниот став во Северна Македонија е дека постои политички и етно-националистички екстремизам, но дека крајно екстремните групи во земјава се маргинални, бидејќи се во рамки на одредени поголеми политички партии и немаат сила да го преземат управувањето на институциите. Идеолошки водениот екстремизам доминира пред исклучиво религиозниот екстремизам. Според Абас (Abbas, 2017. стр. 54-61), екстремистичките сцени треба да се гледаат во својата спротивставеност. „Како ексклузивистички и само-зајакнувачки наративи, акциите и перспективите на една група ја поттикнуваат другата. Креаторите на политики треба да го разберат политичкиот и религиозниот екстремизам како феномени со заеднички локални движечки сили и влијанија. Овој пристап исто така ќе избегне погрешно препознавање и нечувствителност, во напорите за борба против тероризмот, воопшто. Исто така, тоа создава вредни политички решенија втемелени во идејата за социјална кохезија (Abbas, 2017. стр. 54-61).“

**За јавните институции и општините**

• Развој на мерки и активности за рано откривање и предупредување;

• Зајакнување на работата на локалните совети за превенција особено во делот на превенција и прибирање на податоци;

• Мултисекторски пристап во адресирање на ова прашање: вертикална и хоризонтална координација на јавните институции;

• Учење преку податоци од локално ниво, од информациите на директните учесници и деконструирање на пораките на екстремистичките сцени;

• Поврзување на стратегиите од секторот на јавна безбедност со актери од секторите на образование, труд и социјална политика и култура и особено со соодветните стратегии на локално ниво;

• Обесхрабрување на говорот на омраза преку соодветно санкционирање;

• Поврзување со медиумите и борбата против лажните вести;

• Поврзување со верските заедници и искористување на религиозните авторитети во политиките и развојните пракси за формулирање на соодветни решенија за екстремизмот особено во презентирање на позитивен начин на живеење;

• Плурализација на јавната сфера и интегрирање на сите прашања, а не само на етничките во комуникацијата со „Другите”;

• Менаџирање на разновидноста во сите политики на национално и локално ниво на партиципативен, транспарентен и инклузивен начин.

**За граѓанските организации**

• Проширување на опсегот на делување во темата на безбедност и тероризам и дефокусирање од само неколку целни групи кон пошироката јавност;

• Развивање на програми за превенција, рано откривање и предупредување и нивно имплементирање во соработка со локалните чинители;

• Обединување во мрежи и платформи кои нема да бидат само коректори на говорот на омраза туку и на стигматизацијата и дискриминацијата на поранешни членови на екстремистички сцени;

• Развивање и заедничка имплементација на програми за ресоцијализација и рехабилитација на поранешни членови на екстремистички сцени и знаење за тоа „што значи да се биде надвор од екстремистичката сцена“ преку соработка со јавни институции и академијата;

• Поврзување со медиумите, поголем пристап на овие теми до јавноста; создавање на платформа за споделување на знаења и информации;

• Вклучување во зголемување на медиумската писменост на граѓаните и борбата против лажните вести.

**Препораки во трансверзална насока**

• Зајакнување на актерите во имплементацијата на интегрираното образование, преку вклучување на теми за критичко размислување на општествената реалност и политичкиот и етно-националистичкиот екстремизам;

• Владеење на правото и чувство на правда и еднаквост на сите граѓани;

• Создавање на независни самоорганизирани сцени на граѓани кои во основа имаат цел критички да ја (ре)осмислуваат реалноста надвор од дихотомијата на етничка, политичка и религиозна разновидност и се сцени на инклузија, солидарност и споделување на моќта на одлучување и одговорноста за јавното добро.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Abbas, T. (2017) "Ethnicity and Politics in Contextualising Far Right and Islamist Extremism", Perspectives on Terrorism, 11(3), pp. 54-61

Abu-Nimer, M. (2018) "Alternative Approaches to Transforming Violent Extremism. The Case of Islamic Peace and Interreligious Peacebuilding", in: Beatrix Austin and Hans J. Giessmann (eds). Transformative Approaches to Violent Extremism. Berghof Handbook, Dialogue Series No. 13. Berlin:

Berghof Foundation. Достапно на: https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Handbook/Dialogue_Chapters/dialogue13_Abu-Nimer_lead.pdf [28.04.2020]

Bjørgo, T. (2011) "Dreams and disillusionment: engagement in and disengagement from militant extremist groups", Crime, Law and Social Change, 55, pp. 277–285;

Borum, R. (2012) "Radicalization into Violent Extremism I: A Review of Social Science Theories", Journal of Strategic Security, No. 4, pp. 7-36.

Bouhana, N. and Wikström, H. P. (2011) Al Qa'ida-Influenced Radicalisation: A Rapid Evidence Assessment Guided by Situational Action Theory, Occasional Paper 97. London: Home Office.

Buijs, Demant and Hamdy (2006) in Schils, N. and Verhage, A. (2017) "Understanding How and Why Young People Enter Radical or Violent Extremist Groups", International Journal of Conflict and Violence, 11, pp. 1-17. doi: 10.4119/UNIBI/ijcv.473

Coolsaet, R. (2015) "WHAT DRIVES EUROPEANS TO SYRIA, AND TO IS? INSIGHTS FROM THE BELGIAN CASE", EGMONT PAPER 75, Academia Press for Egmont – The Royal Institute for International Relations.

Doosje, B., van den Bos, K., Loseman, A., Feddes, R. A. and Mann, L. (2012) "'My In-group is Superior!'": Susceptibility for Radical Right-wing Attitudes and Behaviors in Dutch Youth", Negotiation and Conflict Management Research, 5(3), pp. 253–268.

Elgenius, G. & Rydgren, Jens (2019) 'Frames of nostalgia and belonging: the resurgence of ethno-nationalism in Sweden', European Societies, 21(4), pp. 583-602, doi: 10.1080/14616696.2018.1494297

Fernbach, PM., Rogers, T., Fox, CR. and Sloman, SA (2013) 'Political extremism is supported by an illusion of understanding', Psychological Science, 24(6), pp. 939-946. doi: 10.1177/0956797612464058.

Frckoski, L.D. (2000) 'Certain Aspects of Democracy in Multiethnic Societies', PERCEPTIONS JOURNAL OF INTERNATIONAL AFFAIRS, IV(4).

Glazer, N. (1983) Ethnic Dilemmas, 1964-1982, Cambridge: Harvard University Press.

Hertz, F. (1944) Nationality in History and Politics: A Psychology and Sociology of National Sentiment and Nationalism, London: Routledge and Kegan Paul.

Kolozova, K., Panov, M.B. and Milcevski, I. (2010) The Nation-State and the Institutions of Academic Knowledge: Production and Legitimating of Dominant Discourse of/on Knowldge about Society. Достапно на: http://www.rrppwesternbalkans. net/en/research/Completed-Projects/2011/Nation-state-and-the-

Krouwel, A. Kutiyski, Y, Van Prooijenac, J., Martinssond, J. and Markstedt, E. (2017) "Does Extreme Political Ideology Predict Conspiracy Beliefs, Economic Evaluations and Political Trust? Evidence from Sweden', Journal of Social and Political Psychology, 5(2), pp. 435–462, doi:10.5964/jspp.v5i2.745

Kruglanski A.W., Jasko K., Chernikovam M., Dugasm M. & Webber, D. (2017) "To the fringe and back: Violent extremism and the psychology of deviance", American psychologist, Vol. 72(3), pp. 217-230.



Political Ideology Predict Conspiracy Beliefs, Economic Evaluations and Political Trust? Evidence from Sweden', Journal of Social and Political Psychology, 5(2), pp. 435–462, doi:10.5964/jspp.v5i2.745

Kruglanski A.W., Jasko K., Chernikovam M., Dugasm M. & Webber, D. (2017) "To the fringe and back: Violent extremism and the psychology of deviance", American psychologist, Vol. 72(3), pp. 217-230.

Macdougall, I.A., Van der Veen, J. Feddes, r.A., Nickolson, L. and Doosje, B. (2018) "Different Strokes for Different Folks: The Role of Psychological Needs and Other Risk Factors in Early Radicalisation", International Journal of Developmental Science, 1-2, pp. 1-14;

Maleska, M. (2013) "Multiethnic democracy in Macedonia: political analysis and emerging scenario", New Balkan Politics, Vol. 13, pp. 1–27.

Mattsson, C. and Johansson, T. (2018) "Becoming, belonging and leaving – Exit processes among young neo- Nazis in Sweden", Journal for De-radicalization, 16, pp. 34-69.

McCauley, C. and Moskalenko, S. (2008) "Mechanisms of Political Radicalization: Pathways Toward Terrorism", Terrorism and Political Violence, 20(3), pp. 415-433.

Moghaddam, F. M. (2005) "The Staircase to Terrorism: A Psychological Exploration", American Psychologist, 60(2), pp. 161–169.

Muller, Z. J. (2008) "Us and Them: The Enduring Power of Ethnic Nationalism", Foreign affairs (Council on Foreign Relations), 87(501), pp. 9-14.

Neuman, P. (2010) "Prisons and Terrorism Radicalisation and De-radicalisation in 15 Countries", A policy report published by the International Centre for the Study of Radicalisation and Political Violence (ICSR).

Newman, E. (2006) "Exploring the "Root Causes" of Terrorism", Studies in Conflict & Terrorism, Vol. 29(8), pp. 749-772.

Pajaziti, A. (2005) "Multikulturalizmot: nova vizija za idninata na Makedonija (Multiculturalism: new vision for the future of Macedonia)", in Dodovski, I. (ed.) Multikulturalizmot vo Makedonija: model vo nastanuvanje (Multiculturalism in Macedonia: model in-progress). Skopje: Fondacija Institut Otvoreno Opshtestvo, pp. 41–54.

Pearson, D. (2001) The politics of ethnicity in settler societies: States of unease. Basingstoke: Palgrave Macmillan.

Rydgren, J. (2005) "Is extreme right-wing populism contagious? Explaining the emergence of a new party family", European Journal of Political Research, 44, pp. 413-437. doi:10.1111/-j.1475-6765.2005.00233.x

Music, S. (2018) Nasilni ekstremizam i radikalizam kao psiholoski fenomen – Ministarstvo odbrane BiH.

Silke, A. (2008) "Holy Warriors: Exploring the Psychological Processes of Jihadi Radicalization", European Journal of Criminology, 5(1), pp. 99-123.

Van Prooijen, J.W. and Krouwel, P.M.A. (2019) "Psychological Features of Extreme Political Ideologies", Current Directions in Psychological Science, 28(2), pp. 159–163;

Smith, AD. (2000) 'The `Sacred' Dimension of Nationalism', Millennium Journal of International Studies, No. 29, pp. 791-814. doi: 10.1177/03058298000290030301.

Snow, D. A. and Benford, R. D. (1992) 'Master frames and cycles of protest', in A. D. M. Morris and C. M. Mueller (eds.), Frontiers in Social Movement Theory, New Haven, CT: Yale University Press, pp. 133–155.

Trajkovski, I. (2005) 'Nacionalizmite i multiculturalizmot vo Makedonija: sostojbi i perspektivi (Nationalisms and multiculturalism in Macedonia: conditions and perspectives)', in Dodovski, I. (ed.) Multikulturalizmot vo Makedonija: model vo nastanuvanje (The multiculturalism in Macedonia: model-in-progress). Skopje: Fondacija Institut Otvoreno Opshtestvo, pp. 5–13.

Van Prooijen, J.W. and Krouwel, P.M.A. (2019) "Psychological Features of Extreme Political Ideologies", Current Directions in Psychological Science, 28(2), pp. 159–163.

Veldhuis, T. and Staun, J. (2009) Islamist Radicalisation: A Root Cause Model, The Hague: Netherlands Institute of International Relations Clingendael. Достапно на: https://www.diis.dk/files/media/publications/import/islamist_radicalisation.veldhuis_and_staun.pdf [29.04.2020].

M. Mueller (eds.), Frontiers in Social Movement Theory, New Haven, CT: Yale University Press, pp. 133–155.

Trajkovski, I. (2005) 'Nacionalizmite i multiculturalizmot vo Makedonija: sostojbi i perspektivi (Nationalisms and multiculturalism in Macedonia: conditions and perspectives)', in Dodovski, I. (ed.) Multikulturalizmot vo Makedonija: model vo nastanuvanje (The multiculturalism in Macedonia: model-in-progress). Skopje: Fondacija Institut Otvoreno Opshtestvo, pp. 5–13.

Van Prooijen, J.W. and Krouwel, P.M.A. (2019) "Psychological Features of Extreme Political Ideologies", Current Directions in Psychological Science, 28(2), pp. 159–163.

Veldhuis, T. and Staun, J. (2009) Islamist Radicalisation: A Root Cause Model, The Hague: Netherlands Institute of International Relations Clingendael. Достапно на:
https://www.diis.dk/files/media/publications/import/islamist_radicalisation.veldhuis_and_staun.pdf [29.04.2020]

Vergani, M., Iqbal, M., Ilbahar, E. and Barton, G. (2018) "The 3 Ps of radicalisation: push, pull and personal. A systematic scoping review of the scientific evidence about radicalisation into violent extremism", Studies in Conflict and Terrorism, doi: 10.1080/1057610X.2018.1505686 Достапно на:
https://www.researchgate.net/publication/326585283_The_3_Ps_of_radicalisation_push_pull_and_personal_A_systematic_scoping_review_of_the_scientific_evidence_about_radicalisation_into_violent_extremism [07.05.2020]

Биебер. Ф. (2008) "Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор", во Поделба на власта и спроведувањето на Охридскиот рамковен договор (ед). Скопје: Фондација Фридрих Еберт, стр. 9–58.

Ђорић, М. (2016) Екстремна левица: идеолошки аспекти левичарског екстремизма. Београд: Институт за политичке студије.

### Е-документи

Агенција за вработување на Република Северна Македонија (2020) Извештај за невработени [е-документ] Достапно на:
https://e-rabota.av.gov.mk/PublicReports/PublicReportsNevraboteni.aspx

Влада на Република Северна Македонија (2018) Национална стратегија на Република Северна Македонија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022). Скопје.

Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2020) Анкета за работна сила [е-документ] Достапно на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2020/2.1.20.06_mk.pdf

European Union Agency for Law Enforcement Cooperation (2019) EUROPEAN UNION TERRORISM SITUATION AND TREND REPORT 2019 [е-документ] Достапно на:
https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/terrorism-situation-and-trend-report-2019-te-sat [15.06.2020]

European Union Agency for Law Enforcement Cooperation (2020) EUROPEAN UNION TERRORISM SITUATION AND TREND REPORT 2020 [е-документ] Достапно на:
https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/european-union-terrorism-situation-and-trend-report-te-sat-2020 [15.06.2020]

ОЕБС (2018) „Улога цивилног друштва у превенцији и спречавању насилног екстремизма и радикализације који воде у тероризам: Водич за Југоисточну Европу".

OSCE TNTD and ODIHR (2014) Preventing Terrorism and Countering Violent Extremism and Radicalization that Lead to Terrorism: A Communitypolicing approach.

### Веб страници

Радио МОФ (2017) „Двојно гласање: Референдуми против „мигранти" заедно со локалните избори". Достапно на: https://www.radiomof.mk/dvojno-glasanje-referendumi-protiv-migranti-zaedno-so-lokalnite-izbori/ [15.06.2020]

Радио Слободна Европа (2017) „Страв од мигранти и покрај владините демантиˮ. Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/28692529.html [15.06.2020]

Телевизија СИТЕЛ (2017) „Стоп Операција СОРОС: Ново граѓанско движење за десороизација на Македонија". Достапно на: https://sitel.com.mk/stop-operacija-soros-novo-gragjansko-dvizhenje-za-desoroizacija-na-makedonija [15.06.2020]

# Анекс 1:
# ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА ИСПИТАНИЦИ

| Број на испитаник | Пол | Етничка припадност | Сектор |
|---|---|---|---|
| 1 | маж | Албанец | Јавна институција |
| 2 | маж | Македонец | Академија |
| 3 | маж | Македонец | Граѓанска организација |
| 4 | маж | Албанец | Општина |
| 5 | жена | Македонка | Граѓанска организација |
| 6 | маж | Македонец | Граѓанска организација |
| 7 | маж | Албанец | Академија |
| 8 | жена | Албанка | Академија |
| 9 | маж | Македонец | Граѓанска организација/ тинк-танк |
| 10 | маж | Македонец | Академија |
| 11 | жена | Македонка | Академија |
| 12 | маж | Македонец | Верска заедница |
| 13 | маж | Албанец | Верска заедница |
| 14 | жена | Македонка | Јавна институција |
| 15 | маж | Македонец | Јавна институција |

# ПРИБЕЛЕШКИ

[I] Во февруари 2015-та година, тогашната опозициска политичка партија СДСМ како дел од проектот „Вистината за Македонија" започна со објавување на 33 „бомби" – разговори на незаконско прислушување на над 20 илјади граѓани што поттикна масовно граѓанско само-организирање за промени, т.н. „Шарена револуција".

[II] Настаните се случија на 9 и 10 мај 2015-та година во кумановската населба „Тоде Мендол",локално наречена „Диво насеље", кога вооружена група од Косово ги нападна македонските безбедносни сили. Загинаа осум полицајци и 14 припадници на косовската група, а ранети беа најмалку 40 лица. Настаните се случија четири месеци откако опозициската политичка партија започна со објавување на т.н. „бомби".

[III] Иако двојазичност во Северна Македонија постои уште од 2008-ма година, во 2017-та година истата се политизираше преку Законот за употреба на албанскиот јазик предложен од платформата на албанските партии од земјата подготвена во Скопје, но потпишана во Тирана што јавноста ја перципираше како наметната обврска за задолжително изучување на албанскиот јазик. Синтагмата „Тиранска Платформа" еволуираше во речникот на политичките партии (особено на ВМРО-ДПМНЕ) од „платформа" до „Тиранска платформа" со насока на мобилизирање на членството и јавноста после неможноста за составување на парламентарно мнозинство и истата стана „синоним на политичката борба меѓу македонските политички сили од спротивставени политички провиниенции за докажување на „патриотизмот" во однос на одбрана на македонизмот и од друга страна „предавството" на македонизмот пред очите на Македонците во Република Македонија" (Халили, 2017, текст „ Тиранска платформа" објавено на Плус Инфо, 10 ноември 2017).

[IV]Договорот е насловен како „Конечна спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите Нации, за престанување на важноста на привремената спогодба од 1995 г. и за воспоставување на стратешно партнерство меѓу страните" и има за цел да ги надмине разликите во уставното име на државата, именувањето на јазикот и националноста. Договорот го потпишаа министрите за надворешни работи на двете држави на 17 јуни 2018-та година во грчкиот дел на Преспа, во селото Псарадес (Нивици) во присуство на премиерите на двете држави и посредникот на ООН, Метју Нимиц.

[V] На 30 септември 2018-та година се одржа консултативен референдум на државно ниво за промена на името на државата во Република Северна Македонија за севкупна употреба, со обврска и за уставни измени, како услов за членство во ЕУ и НАТО. На референдумот излегоа 36,91% од вкупниот број запишани гласачи, со што не беше постигнат потребниот цензус за излезност од 50% за прифаќање на резултатите од референдумот. Од гласачите кои излегоа на референдум, 91,46% гласаа „за". Во јануари 2019-та година Собранието ги усвои уставните амандмани предвидени со Договорот од Преспа и Република Македонија го смени државното име во Република Северна Македонија.

[VI] Како резултат на политичките настани во периодот 2015-2019 година, граѓаните се мобилизираа во неколку социјални движења кои беа поткрепа или спротивставување на одлуките на владејачките политички партии. „Протестирам" беше реакција на настаните поврзани во т.н. Шарена револуција, „Бојкотирам" беше реакција на референдумот за промена на името на државата и „За заедничка Македонија" како реакција на т.н. Тиранска платформа сублимирајќи го и револтот поради промената на името на државата.

[VII] На 27 април 2017-та година, голема група на граѓани насилно упаднаа во Собранието во текот на прогласување на новиот претседател при што беа крваво нападнати и повредени пратеници и медиумски работници. Во 2019-та година, 17 лица беа обвинети за терористичко загрозување на уставниот поредок, од кои само еден е ослободен од обвинението. Дел од обвинетите се осудени за обид за убиство со умисла на еден лидер на албанска политичка партија. Дел од изречените казни се во времетраење од вкупно 211 години на обвинетите додека 15 лица се амнестирани со закон во Собранието. Според обвинението, постоела координација меѓу групите на граѓани пред Собранието и дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ внатре во Собранието.

[VIII] На 12 април 2012-та година во близината на Скопје беа убиени четири момчиња на возраст од 18 до 21 година и еден маж на возраст од 45 години, сите од Скопје. За убиствата, шест лица беа осудени на доживотен затвор, но Врховниот суд ги укина пресудите. Случајот беше преземен од Специјалното Јавно Обвинителство поради наводни дополнителни докази кои произлегуваат од нелегално прислушуваните разговори. Мотивите за ова убиство остануваат неразјаснети.

[IX] На 1 август 2017-та година во Скопје беше потпишан Договорот за добрососедство, пријателство и соработка меѓу Македонија и Бугарија со што двете страни се обврзуваат кон изнаоѓање на консензуален договор за отворените прашања од толкување на заедничките елементи на историјата и културата на двете земји и се обврзуваат на унапредување на соработката во сите аспекти на живеењето.

[X] Повикот за десороизација на општеството што се случи во предвечерјето на парламентарните избори во 2016 година
Повикот за десороизација беше дел од платформата на ВМРО-ДПМНЕ кои се залагаа за „пречистувањето“ на работата на граѓанските организации во земјата како дел од идејата за градење на независен граѓански сектор кој нема да биде под ничија контрола. Фондацијата на Џорџ Сорос – „Институт Отворено општество Македонија“ (ФИООМ) беше посочена како „виновник“ за генерирањето на криза во државата преку поддршка на проекти на граѓанските организации и медиуми.



*„Искоренувањето на етно-национализмот кај нас е скоро невозможно. Етничките, религиозните и јазичните маркери се доминантни во идентитетската политика. Тоа што веројатно треба да го научиме е како да менаџираме со оваа разновидност."*

www.nexus.org.mk info@nexus.org.mk @NexusCivil nexuscivilconcept NEXUS Civil Concept